**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-19/6
03.07.2019 год.
Скопје

FON
FIRST PRIVATE
UNIVERSITY

# БИЛТЕН

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 220**

**Скопје, 03.07.2019**

# СОДРЖИНА:

1. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на на прв и втор циклус на студии на Првиот приватен универзитет - ФОН........................................................................................................3424
2. Правилник за организирање трет циклус (докторски) студии........................3450
3. Правилник за европски кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на универзитет и од една во друга високообразовна установа...................................................................3463
4. Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања...........................3505
5. Рецензија за избор на еден соработник, во соработничко звање асистент, од научната област: Политички систем (50701)..................................................3520
6. Рецензија за ракопис со наслов „Основи на спортски туризам - практикум„.............................................................................................................3523

Согласно член 94, точка 22 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018), Сенатот на Првиот приватен универзитет - ФОН, на седницата одржана на 02.07.2019, го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
## ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА НА ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ НА ПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН

### I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на студиите од прв и втор циклус студии на Првиот приватен универзитет - ФОН (во натамошниот текст: Универзитет), а особено за:

- почетокот, обемот и организацијата на студиите,
- услови критериуми и правила за запишување како и постапка за упис,
- правилата за проверка на знаењата и оценување
- правилата за студирање, права и обврски на студентите и напредувањето, инклузивно со условите за побрзо напредување,
- завршување на студиите и престанок на статусот студент,
- услови критериуми и правила за премин помеѓу студиските програми,
- повторувањето на семестарот, презапишувањето на предмети, односно условното напредување,
- услови критериуми и правила за мирување на студии и продолжувањето на студиите по прекинувањето,
- паралелно, интердисциплинарно и индивидуално студирање,
- видот на исправите кои му се издаваат на студентот врз основ на евиденцијата определена со овој закон,
- постапката за заштитата на правата на студентите,
- други правила поврзани со условите, критериумите и прави- за запишување и студирање на прв и втор циклус студии и правата и должнилата остите на студентите.

Правилата за студирање може поблиску да се определат со посебен правилник за студирање на секоја единица на Универзитетот, согласно спецификите на студиското подрачје.

**Член 2**

Единиците на Универзитетот организираат студии од прв циклус академски студии (додипломски студии) во траење од три или четири години и со нивно завршување се стекнуваат 180, односно 240 ЕКТС кредити.

**Член 3**

Единиците и Универзитетот организираат студии од втор циклус академски студии (постдипломски студии) во траење од една или две години и со нивно завршување се стекнуваат 60, односно 120 ЕКТС кредити.

**Член 4**

На Универзитетот се организираат и стручни студии од прв и втор циклус.

Стручните студии од прв циклус траат три години и со нивно завршување се стекнуваат 180 ЕКТС кредити.

Стручните студии од втор циклус (специјалистички студии) траат една година и со нивно завршување се стекнуваат 60 ЕКТС кредити.

Во рамки на првиот циклус може да се реализираат и кратки стручни студиски програми од 60 до 120 ЕКТС кредити.

**Член 5**

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма од член 2 од овој Правилник припаѓаат на нивото VI Б за тригодишните додипломски студии, односно на нивото VI А за четиригодишните додипломски студии од Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на квалификации.

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма од член 3 од овој Правилник припаѓаат на нивото VII А од Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VII од Европската рамка на квалификации.

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма од член 4, став 2 од овој Правилник припаѓаат на нивото VI Б од Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на квалификации.

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма од член 4, став 3 од овој Правилник припаѓаат на нивото VII Б од Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VII од Европската рамка на квалификации.

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма од член 4, став 4 од овој Правилник припаѓаат на нивото V А од Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво V од Европската рамка на квалификации.

## II ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДИИ

**Услови за запишување**

**Член 6**

Државјаните на Република Македонија имаат еднакво право на запишување и студирање на Унизрзитетот.

**Член 7**

На прв циклус на студии може да се запише лице кое положило државна матура или меѓународна матура или кое завршило соодветно четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура.

Сенатот на Универзитетот, на предлог на наставно-научните совети, односно наставно-научните и уметнички совети, односно научните совети (во понатамошниот текст: Совет) на единиците на Универзитетот, определува кои наставни програми за средно образование се соодветни за упис на одделни академски или стручни студии.

Сенатот на Универзитетот, на предлог Советот на единиците на Универзитетот може да определи и дополнителни услови за упис и на кандидати кои имаат завршено други програми за средно образование.

**Член 8**

На втор циклус на студии може да се запише лице кое завршило соодветни студиски програми од прв циклус, со минимум стекнати 180 ЕКТС кредити.

Сенатот на Универзитетот, на предлог на Советот на единицата на Универзитетот, определува кои студиски програми од прв циклус се соодветни за упис на одделни академски или стручни студии.

Сенатот на Универзитетот, на предлог на Советот на единицата на Универзитетот може да определи и дополнителни услови за упис и на кандидати кои имаат завршено други студиски програми.

**Член 9**

Лицата кои го завршиле претходното образование во странство можат да се запишат на Универзитетот, доколку надлежен државен орган им ги признал странските квалификации.

Се смета дека условите за запишување од член 7 и член 8 од овој Правилник ги исполнува и лицето кое завршило соодветно образование во странство.

Се смета дека условите за запишување од член 7 и член 8 од овој Правилник ги исполнува и лицето кое не завршило соодветно образование во странство доколку ги исполнува условите за упис на студии утврдени со одлуката на Сенатот на Универзитетот, на предлог на Универзитетската конкурсна комисија.

**Член 10**

На Универзитетот може да студираат и странски државјани, односно лица без државјанство, под еднакви услови како и државјаните на Република Македонија, освен во делот на финансирањето на студиите.

Во прва година на Универзитетот може да се запише неограничен број кандидати – странски државјани, во рамки на вкупниот број на места предвидени во акредитираната квота за студенти според капацитетот утврден со решението за акредитација и предвиден број на слободни места за запишување согласно конкурсот за запишување на студии.

**Финансирање на студиите**

**Член 11**

На Универзитетот се запишуваат редовни и вонредни студенти со самофинансирање на студиите.

Висината на школарината се утврдува со договорот за студирање, согласно одлука на Органот на основачот.

**Одлука за бројот на студенти кои се запишуваат**

**Член 12**

Одлука за бројот на студенти кои се запишуваат донесува Советот на единицата на Универзитеттот на која се реализира студиската програма.

Вкупниот број на студентите на студиските програми на сите единици на Универзитетотне може да биде поголем од бројот утврден според капацитетот утврден со решението за ак редитација на Универзитетот.

**Начин на запишување на студии**

**Член 13**

Запишувањето на студии се врши по пат на јавен конкурс што го објавува Универзитетот, најмалку пет месеци пред започнувањето на наставата.

Конкурсот за упис на студии го утврдува Ректорската управа на Универзитетот, врз основа на член 13 од овој Правилник, по претходно добиена согласност од Органот на основачот на Универзитетот.

Конкурсот за прв и/или втор циклус на студии ги содржи:

- името на Универзитетот и неговата адреса;
- називот на студиската програма;
- местото на изведување на студиската програма;
- времетраењето на студиите;
- условите за запишување;
- бројот на слободни места за запишување;
- висината на школарината;
- постапките и роковите за пријавување и запишување.

**Член 14**

Кандидатот е должен да поднесе пријава за конкурирање за упис на студии до денот утврден во Конкурсот.

Во пријавата кандидатот мора да ја наведе студиската програма за која конкурира и дали конкурира за упис на редовни или на вонредни студии.

Покрај пријавата, кандидатот е должен да ги приложи сите документи утврдени во Конкурсот.

**Конкурсни комисии**

**Член 15**

Факултет/институт во состав на Универзитетот кој има студиска програма за која е распишан конкурс за упис на нови студенти е должен да формира конкурсна комисија веднаш и не подоцна од 5 дена по објавување на конкурсот.

Конкурсната комисија на единицата ја сочинуваат претседател и двајца членови. Претседателот е лице избрано во наставно-научно или научно звање од единицата.

Членовите на конкурсната комисија на единицата ги избира Советот на единицата.

Конкурсната комисија на единицата се грижи за реализација на постапката за пријавување, исполнетоста на условите за упис согласно приложената документација на кандидатите и селекција на кандидатите, во согласност со одредбите содржани во конкурсот за упис на нови студенти.

Конкурсната комисија на единицата расправа по приговори на кандидатите за упис и донесува одлуки.

Конкурсната комисија на единицата има обврска да доставува податоци за текот на постапката за пријавување, селекција и упис на нови студенти до Универзитетската конкурсна комисија.

Конкурсната комисија на единицата има обврска да подготви извештај за резултатите од уписот кои ги доставува до Советот на единицата.

**Член 16**

Подготовката и реализацијата на конкурсот за упис на нови студенти ги спроведува Универзитетска конкурсна комисија.

Универзитетската конкурсна комисија ја сочинуваат претседателите на конкурсните комисии на секоја единица во состав на универзитетот и проректорот за настава. Проректорот за настава, по функција е претседател на Универзитетската конкурсна комисија.

Во работата на Универзитетската конкурсна комисија учествуваат и претставници од стручните служби на Универзитетот, без право на одлучување.

Административно-техничката поддршка на Универзитетската конкурсна комисија ја врши Службата за студентски прашања на Универзитетот.

**Член 17**

Универзитетската конкурсна комисија:

- по предлог на единиците на Универзитетот, ги утврдува критериумите врз основа на кои се врши селекцијата и изборот на кандидатите за упис;
- изготвува Упатство за реализација на конкурсот за упис на нови студенти;
- ја следи реализацијата на конкурсот, расправа по приговори на студентите и донесува одлуки.

Универзитетската конкурсна комисија одлучува со гласање по принципот на просто мнозинство.

По завршувањето на роковите за упис на нови студенти предвидени во конкурсот, Универзитетската конкурсна комисија изготвува извештај за резултатите од уписот на студентите и го доставува до Ректорската управа на Универзитетот.

**Постапка за селекција**

**Член 18**

Универзитетската конкурсна комисија ја утврдува постапката за селекција на кандидатите за упис на начин кој гарантира рамноправност на сите кандидати без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вера, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидност, сексуална ориентација и возраст.

Основен критериум при рангирањето на кандидатите се претходно стекнатите знаења и компетенциите на кандидатите.

Советот на единицата која е носител на студиската програма ги одредува елементите кои се значајни за студиската програма во постапката за селекција на кандидатите. Истиот може да донесе одлука за посебни услови за упис на студиските програми кои ги изведува, а кои се составен дел на конкурсот за упис на нови студенти.

**Право на приговор**

**Член 19**

Кандидатот има право на приговор за исправноста на постапката за селекција на кандидатите што го доставува до Конкурсната комисија на единицата која е носител на студиската програма за која конкурирал. Приговорот се поднесува во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите од уписот.

Комисијата е должна да го разгледа приговорот на кандидатот и во рок од 24 часа од неговото поднесување да го извести канидатот.

Ако кандидатот не е задоволен со донесената одлука од страна на конкурсната комисија на единицата, има право во рок од 24 часа од известувањето/истакнувањето на огласна табла на Универзитетот, да достави приговор до Универзитетската конкурсна комисија.

Универзитетската конкурсна комисија е должна да го разгледа приговорот на кандидатот во рок од 24 часа од неговото поднесување.

Одлуката на универзитетската конкурсна комисија е конечна.

**Стекнување статус на студент**

**Член 20**

Право на упис на студии кандидатот стекнува согласно условите и критериумите утврдени во конкурсот за упис на студенти, а според постигнатите поени во процесот на селекција.

Кандидатот кој остварил право на упис, но во предвидениот (огласениот) рок не извршил упис, го губи правото за стекнување статус на студент. Во тој случај, правото за упис го стекнува следниот кандидат на ранг-листата кој претходно не заземал место во рамките на одобрената квота за упис на студенти.

**Член 21**

Статус на студент, а со тоа и член на академската заедница, се стекнува со запишување на студиска програма и потпишување договор за студирање.

Запишаните студенти се евидентираат од Службата за студентски прашања на Универзитетот во матичната книга на запишани студенти согласно закон. Статусот на студент се докажува со студентска легитимација или со индекс.

## III НАСТАВА

### Почеток и завршување на студиска година

**Член 22**

Студиската година започнува на 1 октомври, а завршува на 30 септември следната година и се дели на два семестри, зимски и летен.

Со одлука на Сенатот, студиската година може да се подели на три семестри и наставата да се остварува во циклуси.

Периодот за реализација на наставата по семестри ја определува ректорската управа за што усвојува годишен глобален календар за академската година (во понатамошниот текст: Универзитетски календар).

### Обем на студиите

**Член 23**

Во рамки на најмногу 40 седмици годишно, вкупното оптоварување на студентите изнесува од 1500 до 1800 часа годишно.

**Член 24**

Студиските програми од првиот циклус содржат од 20 до 30 часа неделно предвидени за предавања, вежби, семинари и други наставни активности, што се реализираат 30 недели годишно.

**Член 25**

Оптоварувањето на студентите од член 24 од овој Правилник опфаќа предавања, вежби, семинари, индивидуална настава, практично оспособување, хоспитација, теренска работа, согласно спецификите на наставно-научните и/или уметничките области на предметите и активностите од студиската програма, како и консултативно-инструктивна настава, форми на континуирана проверка на знаењата и испити (контакт часови), како и учење и други форми на самостојна работа на студентот: спортски активности, проектни активности, истражување на литература, изработка на семинарски задачи, изработка на завршен труд (дипломски, магистерски), итн.

### Организација на студиите

**Член 26**

Академските и стручните студии на Универзитетот се организираат и изведуваат како редовни, односно вонредни студии.

Настава за редовните студии се организира доколку за студиската програма се формира група од најмалку 10 студенти.

Доколку не се организаира група согласно став 2 од овој член, студиите за запишаните студенти ќе се изведуваат со индивидуална настава или друга форма, на начин што ќе го определи Советот на единицата која е реализатор на студиската програма.

Вонредните студии се изведуваат на начин кој е прилагоден на можностите на студентите за следење на наставата (предавања, вежби, семинари и консултации).

**Член 27**

Организацијата и временското распоредување на предавањата, семинарите и вежбите се прилагодуваат на специфичноста на студиската програма, согласно одлука на Советот на единицата која е реализатор на студиската програма и овој Правилник.

**Член 28**

Универзитетскиот календар за наредната академска година го донесува Ректорската управа, пред завршетокот на тековната академска година и го објавува преку своите гласила (огласна табла, интернет страница) најмалку 10 дена пред почетокот на учебната година.

Универзитетскиот календар ги содржи рамковните одредби за временската дистрибуција на наставата, периодот за реализација на испититните сесии, како и државните и универзитетските празници.

Врз основа на универзитетскиот календар, Советот донесува неделен распоред на часовите за настава што го објавува преку своите гласила, и распоредот на работни задачи за тековната учебна година, најдоцна 10 дена пред почетокот на учебната година.

**Член 29**

Референтот на службата за студентски прашања задолжен за единицата на универзитетот ги чува:

- универзитетскиот календар за академската година,
- распоредот на предавањата, семинарите и вежбите за секоја студиска програма за секој семестар во академската година, и
- распоредите за испититните сесии за секоја студиска програма за секој семестар во академската година

## IV. ПРАВИЛА ЗА СТУДИРАЊЕ

### Напредување во студиите

**Член 30**

Студентите напредуваат во студиите преку запишување на предвидените предмети/модули, исполнување на обврските предвидени со студиската програма, полагање испити, административна заверка на освоените ЕКТС кредити и запишување на наредна година и семестар.

Напредувањето по години и семестри е постапно.

Студентот напредува во текот на студирањето, односно запишува предмети преку бројот на остварените ЕКТС кредити. По правило, студентот запишува 30 ЕКТС кредити по семестар, а максимум 48 ЕКТС кредити.

Студентот има право, во текот на студирањето, да запише предметни програми кои не се задолжителни за стекнување на определениот степен на стручна подготовка со студиската програма на која студентот е запишан, со тоа што ќе се почитува одредбата за минимумот и максимумот на бројот на кредити кои можат да се запишат, а овие предмети ќе бидат внесени во додатокот на дипломата.

Следењето, водењето и административната поддршка на студентот во текот на неговото студирање го врши Службата за студентски прашања на Универзитетот.

**Член 31**

Студентот стекнува право на запишување на предмети од повисока година на студии, ако до рокот на запишување уредно ги извршил сите обврски од студиската програма и се стекнал со најмалку 30 ЕКТС кредити од тековната студиска година.

Студентот кој преминува на друга студиска програма на Универзитетот, или од друга високообразовна установа со трансфер, може да запише предмети од повисока година на студии и без освоени по 30 кредити одделно за секоја претходна година на студии, доколку збирот на стекнатите кредити од признаените испити за претходните години од студиската програма на која преминува изнесува: најмалку 60 ЕКТС кредити од предметите од прва и втора година за упис на предмети од трета година на студии, односно најмалку 90 ЕКТС кредити вкупно од прва, втора и трета година за упис на предмети од четврта година на студии, согласно претходно заверените семестри на високообразовната установа од каде се префрлува.

Одредбите од став 2 од овој член се применуваат и за кандидатите кои се запишуваат на Универзитетот, а кои претходно целосно реализирале сродна студиска програма од прв или втор циклус на студии на единицата на Универзитетот или на друга високообразовна установа, во однос на студиска програма од соодветен циклус на студии.

**Член 32**

Запишувањето на предмети од семестар од повисока година на студии се врши после завршувањето на септемвриската испитна сесија, освен ако Универзитетот организира вонредна октомвриска испитна сесија, во кој случај Ректорската управа донесува одлука за продолжување на рокот за упис.

**Член 33**

Доколку студентот кој запишал два семестри од двегодишна студиска програма на втор циклус на студии која вклучува можност за завршување на студиите со реализација на сите предвидени обврски од првата година (едногодишни студии) се стекнал со право за упис на предмети од втората студиска година, а уписот не го извршил во предвидениот рок, се смета дека се откажал од студирање во втората студиска година и студиите може да ги заврши само како едногодишни.

Студентот од ставот 1 на овој член има право, по завршување на едногодишните студии, повторно да се запише на истата студиска програма, во втората студиска година.

**Член 34**

Студентот нема право да запишува предмети и да ги полага испитите од предметите од повисоката студиска година додека не стекне услов за упис на предмети од таа студиска година.

Студентот кој не освоил доволен број кредити за упис на предмети од наредна студиска година, ги запишува / презапишува неположените предмети од предходните студиски години, во секој од двата семестри (зимски и летен) соодветно. Студентот може да ги запише само оние предмети за кои стекнал право според студиската програма и планот на студиите.

Со повторно запишување, студентот има право да следи настава по повторно запишаните предмети со следната генерација студенти. Во текот на семестарот, студентот има право да ги полага предметите кои ги презапишал, преку континуирано оценување, во редовните сесии, или во вонредни испитни сесии доколку се организираат.

Студентите кои повторно запишуваат предмети, смеат да запишат нов предмет кој според студиската програма условува претходно полагање на предметот кој повторно се запишува, но полагањето на предметите мора да е редоследно.

По исклучок на став 1 од овој член, студентот кој не освоил минимум 30 ЕКТС кредити од предметите од претходната студиска година, во зимскиот семестар може условно да запише и

предмети од следната година (согласно студиската програма), т.н. условен упис. Доколку заклучно со февруарската испитна сесија студентот го освои минимумот определени кредити за упис на повисоката година на студии, може да го продолжи студирањето во таа студиска година, со сите права и обврски како и веќе запишаните студенти.

Ако студентот од став 5 од овој член, заклучно со февруарската испитна сесија не ги стекне потребните 30 ЕКТС кредити од претходната студиска година, во следниот (летниот) семестар има право да запише / повторно да запише само предмети од претходната студиска година.

**Член 35**

Евиденцијата на предмети кои се запишуваат, податоците дали се тоа повторно запишани предмети или нови предмети, се врши преку пополнување семестрален лист од страна на студентите при запишување на предметите.

Точноста на податоците во пријавата со свој потпис ја потврдуваат администраторот – референтот на Службата за студентски прашања и го евидентира во личен картон на студентот.

**Член 36**

Плаќањето на школарина при запишувањето на семестарот се одредува според запишаните ЕКТС кредити.

Пресметката за делот од школарината што се плаќа за предметите кои студентот ги запишува по прв пат се врши на начин што годишната школарина утврдена со договорот за студирање се дели со бројот на ЕКТС кредити за една студиска година (односно со 60) и така добиениот износ се множи со бројот на запишаните кредити на нови предмети.

За повторно запишаните предмети, студентите плаќаат надомест по основ на вкупниот број ЕКТС кредити за повторно запишаните предмети. Вредноста на кредитот кој повторно се запишуваго определува Органот на основачот.

**Исклучително успешни студенти**

**Член 37**

Статус на исклучително успешни студенти стекнуваат редовните студенти кои пред запишувањето на семестарот ги имаат исполнето сите обврски од студиската програма од претходните семестри и имаат остварено среден успех од најмалку 9,00.

Статусот на исклучително успешен студент се задржува сè додека студентот ги исполнува условите на ставот 1 од овој член.

Посебните права на исклучително успешните студенти може да се користат со одобрение од деканот, започнувајќи од втората студиска година.

**Член 38**

Студент со статус на исклучително успешен студент има право при запишување на семестар, покрај предметите од тековниот семестар, предвремено да запише и предмети од повисок семестар, доколку ги има положено испитите кои се предуслов за нивно запишување.

Вкупниот број на дополнителното запишани предмети од ставот 1 на овој член не може да биде поголем од два.

Студентот има право на менторска настава за дополнително запишаните предмети.

За остварување на правото од ставот 1 од овој член, студентот е должен да достави барање до Советот на соодветната единица, најдоцна една седмица пред запишувањето на семестарот. Во барањето задолжително се наведуваат предметите за кои се бара предвремено запишување. Во прилог на барањето се доставува и уверение за положените испити.

Доколку Советот го одбие барањето, студентот има право на приговор до Сенатот на Универзитетот. Одлуката на Сенатот по основ на приговорот е конечна.

**Член 39**

Студентот со статус на исклучително успешен студент има право на делумно или целосно ослободување од плаќање на школарината, согласно одлуката, постапка и критериуми определени од Органот на основачот.

**Преминување од едни на други студии**

**Член 40**

Во текот на студиите, студентот може да премине од една на друга студиска програма во рамките на истиот факултет на Универзитетот, или од еден на друг факултет на Универзитетот, или од други универзитети.

Студентот може да премине од една на друга студиска програма во рамките на иста или различна единица на Унивrзитетот најрано при запишувањето на вториот семестар.

Запишувањето на студент од друг универзитет на студиска програма на Универзитетот се врши врз основа на барање што го доставува студентот пред отпочнувањето на соодветниот семестар, согласно постапка пропишана со закон, Статутот на Универзитетот и овој Правилник.

Врз основа на остварените ЕКТС кредити од предметите што се признаваат, согласно правилата од член 31, став 2 од овој Правилник, се утврдува годината од која студентот има право да запише предмети од соодветниот семестар што следи (зимски, односно летен) од таа студиска година.

При премин од една на друга студиска програма, студентот се ослободува од полагањето, односно од следењето настава по одделни предмети, врз основа на претходен увид во содржините и бројот на освоените ЕКТС кредити за соодветните предмети што студентот ги положил на студиската програма од која што трансферира.

По спроведување на постапката став пет од овој член, Правна служба изготвува Решение за премин на студентот од една во друга студиска програма во рамките на единицата на универзитетот, врз основа на записникот од Комисијата за признавање на испити. Решението го потпишува деканот.

**Член 41**

При преминувањето на студент од една на друга студиска програма во рамки на истиот факултет на Универзитетот, или од една на друга единица на Универзитетот, или од други универзитети, студентот односно кандидатот има право да побара признавање на положените испити и остварените ЕКТС кредити од студиската програма/програми на која/кои претходно студирал.

Барањето се доставува до Комисија за признавање на испити, на пропишан образец. Во прилог на барањето студентот доставува и оргинално Уверение за положените испити од студиската програма на која претходно студирал и предметни програми за положените испити.

Комисјата за признавање на испити која е формирана од страна на Советот на единицата одлучува за тоа кои предмети им се признаваат на студентите при премин од друга студиска програма. Комисијата брои најмалку три члена, од кои повеќе од половината се лица избрани во наставно-научни звања на факултетот. Претседател на Комисијата е и Координаторот за ЕКТС на единицата.

Во постапката за признавање на положените испити при премин од студиска програма од друг факултет во рамки на Универзитетот или од друга високообразовна установа, Комисијата за признавање на испити задолжително обезбедува согласност од предметниот наставник за секој предмет што се признава за положен целосно, што се констатира во записник. Записникот го потпишуваат сите членови на Комисијата за признавање на испити. Комисијата за признавање на испити го доставува записникот за признавање на испити, до Правната служба на Универзитетот, најдоцна во рок од 15 дена од приемот на барањето за признавање испити.

Комисијата за призвавање на испити, секогаш кога станува збор за испит од прв циклус на студии, го признава испитот доколку е положен и признат од предметен наставник само за прв циклус, и обратно ако испитот што се признава од втор циклус, мора претходно да е положен во втор циклус.

Правна служба врши проверка на исправноста на податоците содржани во записникот, во рок од три дена од приемот и, доколку констатира неправилности, го враќа на повторна доработка до претседателот на комисијата. Претседателот е должен да ја свика комисијата и најдоцна во рок од три дена да го врати корегираниот записник до правна служба.

По спроведување на процедурата за признавање испити, Правна служба изготвува Решение за признавање на испити во рок од пет дена. Решението го потпишува Претседателот на комисијата за признавање на испити.

Студентот може да подигне примерок од Решението за признавање испити преку референтот на Студенската служба задолжен за евиденција на единицата на универзитетот или Архивата на Универзитетот.

Референтот задолжен за постапување по Решението за признавање испити е должен веднаш да го внесе истото во студентското досие, заедно со целокупната пропратна документација.

**Член 42**

Во постапката за признавање на испити, даден предмет од студиската програма на која преминува студентот може да му се признае како положен, доколку еден или повеќе положени предмети од студиската програма од која преминува студентот, по содржина, цели и компетенции кои со негово/нивно положување се стекнуваат, со висок степен се совпаѓаат со соодветната содржина, цели и компетенции за предметот од студиската програма на која преминува студентот. Во таков случај, за признаениот предмет се прифаќа бројот на кредити предвидени според студиската програма на која преминува студентот.

Доколку на студентот може само делумно да му се признае како положен даден предмет, согласно оствареното помало совпаѓање и делумна компатибилност во однос на условите од ставот 1 на овој член, Комисијата за признавање испити го констатира делумното признавање во записникот и го упатува студентот во соработка со предметниот наставник за соодветниот предмет, тој да ги утврди отребните дополнителни активности (семинарски работи, проектни активности, полагање на одредени теми, итн.) кои студентот треба да ги исполни за целосно признавање на испитот.

Предметниот наставник потоа е должен да го спроведе испитот за студентот за овој предмет во сесијата во која ќе го полага, согласно погоре утврдената содржина и обем за испитните обврски. При успешно завршување на испитот, наставникот ја формира конечната оценка земајќи ја предвид и оценката на студентот за релевантните постигнувања на студентот во претходната студиска програма.

**Паралелно студирање**

**Член 43**

Студентите на Универзитетот, по завршувањето на првата година на студии, имаат право да се запишат паралелно на друга студиска програма на Универзитетот, а истовремено да продолжат со студиите на претходно запишаната студиска програма.

Висината на школарината за паралелно студирање на втората студиска програма ја определува Органот на основачот.

**Член 44**

За остварување на правото на паралелно студирање на студиските програми на единиците на Универзитетот, студентот поднесува барање до Советот на единицата на кој сака да ја запише

втората студиска програма. Со барањето за паралелно студирање, студентот приложува и уверение за постигнатиот успех на првата студиска програма.

Студентот на кој му е одобрено паралелно студирање, има право да бара признавање на положените испити од првата студиска програма. Предметите се признаваат согласно правилата утврдени во членовите 39 и 40 од овој Правилник.

Вкупниот број на ЕКТС кредити за предметите од двете студиски програми кои студентот ги запишува во секој семестар не смее да биде поголем од 48 ЕКТС.

**Вонредно студирање**

**Член 45**

Вонредните студенти ги имаат истите права и обврски како и редовните, освен во делот на следење на наставата.

Студент може да се запише како вонреден студент, или во тек на студирањето да го промени статусот од редовен во вонреден студент, доколку има основана причина поради која не може редовно да ја следи наставата.

За основана причина за стекнување статус на вонреден студент се смета: засновал работен однос, склучен договор за професионален спортски или уметнички ангажман, инвалидитет што оневозможува студентот да ја посетува наставата, потешка долготрајна болест, или статус на родител на дете до две години возраст и сл.

Доколку стекнувањето статус на вонреден студент се бара при запишување на студии, во пријавата за упис студентот задолжително треба да се изјасни, согласно член 14 став 2, од овој Правилник.

Доколку студент, кој е со статус на редовен, сака да го промени статусот во вонреден студент, тој/таа треба да достави барање до деканот на факултетот кој одлучува за барањето.

Барањето за стекнување статус на вонреден студент од ставовите 3 и 4 на овој член треба да бидат проследени со соодветни документи за оправданоста на причината за вонредно студирање.

**Студент-гостин**

**Член 46**

Студент-гостин може да биде редовен или вонреден студент од друг универзитет во земјата и странство кој запишува делови од студиска програма на Универзитетот, во согласност со посебниот договор со другиот универзитет за признавање на ЕКТС кредити. Статусот на студент гостин трае најдолго една академска година.

Правата и обврските на студентот-гостин, начинот на подмирување на трошоците за неговите студии, евентуалната можност за продолжување на студиите на Универзитетот и други прашања поврзани со статусот на студентот-гостин се уредуваат со договорот меѓу високо образовните установи .

Следењето на наставата и положените испити на студентот-гостин се евидентираат во посебно досие на студентот.

**Мирување на студиите**

**Член 47**

Мирување на студиите, односно на обврските од статусот на студент, може да се дозволи, најмногу до една година, на барање на студентот, поради подолготрајна спреченост за учество на студентот во наставниот процес:

- за време на породилно отсуство и бременост ;
- за студент со дете на возраст до една година;

- за време на болест подолга од 1 (еден) семестар;
- за време на подготовка и настапи на спортски настани кога студентот има статус на член на државна репрезентација.

**Член 48**

Решение за мирување на студиите донесува деканот на факултетот, врз основа на писмено барање на студентот и приложена документација со која се докажува постоењето на оправданата причина заради која е поднесено барањето за мирување.

При врачување на решението со кое е дозволено мирување, студентот се известува за последиците од евентуалната промена на студиската програма во текот на мирувањето.

**Член 49**

За време на траењето на мирување на студиите, студентот има право да ги полага испитите од запишаните предмети во последниот семестар пред мирувањето на студиите, за кои има исполнето услови за полагање.

**Член 50**

Студентот е должен да го активира мирувањето на обврските во рок од 15 дена по истекување на причините за мирување. Доколку студент не го активира мирувањето ниту ја запише наредната академска година, го губи статусот на студент.

**Измена на студиска програма**

**Член 51**

Доколку по запишувањето на студиите се промени студиската програма, студентите имаат право да го завршат полагањето на испитите според програмата која важела во времето на запишување на студиите, во рокот предвиден за реализација на студиската програма, продолжен за две години.

**Член 52**

Во случај на промена на студиската програма, студентот кој не ги завршил студиите во рокот предвиден со член 51 од овој Правилник, или ги продолжува студиите по одреден прекин (мирување), има право да ги продолжи студиите според новата студиска програма.

На студентот кој ги продолжува студиите според новата студиска програма му се признаваат положените испити од програмата по која претходно студирал.

На постапката за признавање се применуваат одредбите од член 40 до член 42 од овој правилник.

**Престанок на статусот на студент**

**Член 53**

На студентот му престанува статусот на студент на Универзитетот според условите и постапка утврдени со закон, Статутот на Универзитетот и со овој Правилник.

Статусот на студент престанува, ако студентот:
- дипломира;
- не ги заврши студиите во рокот утврден со закон и овој Правилник;
- се испише;
- причини определени согласно договорот за студирање
- не изврши упис на предмети во даден семестар;
- е исклучен од Универзитетот.

Статусот на студент може да биде обновен на барање на студентот, само доколку статусот престанал од причините определени во став 2 точка 2, 4 и 5 од овој став.

Трошоците за обновување на статусот ги сноси студентот.

За спроведување на постапката за обновување на статусот студент, студенот преку архивата на Универзитетот поднесува молба за рективација на пропишан образец.

Архивата на Универзитетот, молбата веднаш ја доставува до лицето задолжено за спроведување на постапката за реактивација.

Лицето е должно по основ на молбата да побара од службата за сметководство извод од финансискката картица за студентот од која се гледа финансиската состојба. Органот на основачот ги определува согласно ценовникот трошоците за обновување на статусот.

Доколку студентот се согласи со висината на трошоците за реактивација, лицето задолжено за спроведување на постапката за реактивација обезбедува од студентската служба уверение за положени испити за студентот. Молбата за обновување на статусот, заедно со молба за признавање на испити и со уверението за положени испити, се доставува преку архивата до Комисијата на факултетот за признавање на испити која ја спроведува постапката од член 41 и 42 од овој правилник.

По основ на решение за премин на студентот од една во друга студиска програма и решението за признавање на испити, референтот на студентската служба задолжен за факултетот изготвува нов индекс и формира ново досие за студентот во кое се чува целокупната документација за обновување на статусот студент и старото досие.

**Дисциплински мерки**

**Член 54**

За повреда на должностите и за неисполнување на обврските, на студент може да му се изрече дисциплинска мерка опомена, јавна опомена и исклучување.

Дисциплинската мерка исклучување се применува за учебната година во која е изречена. Дисциплинските мерки ги изрекува комисијата за дисциплински мерки на единицата на универзитетот.

Во составот на дисциплинската комисија еден член делегираат студентското собрание на единицата на која е запишан студентот.

Со Статутот на Универзитетот се определува составот на дисциплинската комисија, начинот и постапката за утврдување на дисциплинската одговорност, мерките и условите под кои дисциплинската мерка се изрекува и правото на заштита на студентот.

Постапката за дисциплинската одговорност се спроведува врз начелото на праведност и сослушување од страна на комисијата за дисциплински мерки.

## V ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊАТА И ОЦЕНУВАЊЕ

**Начин на полагање и оценување**

**Член 55**

За секоја наставна дисциплина (предмет), начинот на полагање на испитот и оценувањето се утврдуваат во предметната програма.

Проверката на знаењето на студентот по наставните предмети се врши континуирано во текот на наставно-образовниот процес и се изразува во поени.

Студент, кој при континуираното проверување на знаењето не постигнал задоволителни резултати, го повторува испитот од дадената наставна дисциплина (класичен испит).

Испитот од став 3 на овој член може да се полага усмено, писмено и/или практично согласно правилникот за полагање и оценување.

**Известувања за испитните обврски и начинот на полагање на испитот**

**Член 56**

Проверката на знаењата по одделни наставни предмети се врши на начин определен од предметниот наставник согласно елаборатот за акредитација на студиската програма во рокови утврдени со член 58 од овој Правилник.

Предметниот наставник е должен на почетокот на наставата да ги запознае студентите со инструментите кои се користат при континуираното проверување на знаењата: колоквиуми, тестови, есеи, семинарски работи, проекти, практични активности, итн, нивното вреднување и критериумите за добивање позитивна оценка од овој Правилник.

**Студенти со попреченост, врвни спортисти и уметници**

**Член 57**

За студентите со попреченостпопреченост, врвни спортисти или врвни уметници кои не се во можност да го полагаат испитот во закажан рок за полагање испит , Универзитетот ќе обезбеди друг термин во согласност со овој правилник.

**Испитни рокови**

**Член 58**

Испитните рокови за класично полагање на испити можат да бидат редовни и вонредни.

Редовни испитни рокови се: зимски, летен и есенски и се одржуваат во следниве термини:

- зимскиот испитен рок, по правило, се одржува во периодот од 25 јануари до 20 февруари,
- летниот испитен рок, по правило, се одржува од 10 јуни до 5 јули,
- есенскиот испитен рок, по правило, се одржува од 1 септември до 25 септември.

Распоредот за полагање на испити за сите испитни рокови се објавува на почетокот на академската година согласно академскиот календар.

По исклучок, на барање на студентот со приложување на соодветна документација, кога за тоа постојат оправдани причини, со согласност на деканот на факултетот, терминот за полагање на испит може да се замени со друг термин во истиот испитен рок или друг термин. Одлуката со која деканот дава согласност на барањето се чува во студентското досие.

Универзитетскиот координатор за спроведување на ЕКТС, по предлог на студентите, може да достави барање до Ректорската управа на Универзитетот, за одобрување вонредна испитна сесија. Доколку Ректорската управа утврди дека барањето е основано, го усвојува истото и одредува вонреден испитен рок. Ректорската управа може да одлучи за организирање на вонредна испитна сесија, најмногу по една во семестар.

**Пријавување на испити**

**Член 59**

Право на пријавување за полагање на испит по наставен предмет има студентот кој го има запишано предметот во семестралниот лист и кој во моментот на пријавување ги подмирил во целост доспеаните финансиски обврски предвидени со договорот за студирање.

Ако студентот, последен пат го има запишано предметот во зимскиот семестар, истиот има право да го полага заклучно со последната испитна сесија пред запишување на зимскиот семестар во следната академска година.

Ако студентот, последен пат го има запишано предметот во летниот семестар, истиот има право да го полага заклучно со последната испитна сесија пред запишување на летниот семестар во следната академска година.

Студент кој нема да го положи испитот по даден предмет во испитните сесии од периодот утврден со ставовите 2 и 3 од овој член, може да го презапише предметот во соодветниот семестар (зимски/летен) во следната академска година.

**Член 60**

Пријавата за полагање на испит се поднесува по писмен пат на соодветен образец и/или по електронски пат во утврден рок за кој студентите навремено се информираат пред секоја одделна испитна сесија.

Студентската служба на Универзитетот, најдоцна два работни дена по завршување на пријавувањето, формира конечни списоци на пријавените студенти и истите ги доставува до предметниот наставник.

## VI ЗАВРШУВАЊЕ НА СТУДИИТЕ

**Член 61**

Студентот ги завршил студиите кога ќе ги исполни сите обврски предвидени со студиската програма, ги положил сите испити и изработил завршен труд (дипломска работа, дипломски труд, специјалистички труд, магистерскиот труд) кој ќе биде позитивно оценет, односно одбранет, доколку истиот е предвиден со студиската програма.

**Период на завршување на студии**

**Член 62**

Периодот на завршување на студиите е определен со времето потребно за реализација на студиската програма, продолжено за две години. Во овој рок не се смета вфремето за изработка и одбрана на соодветен завршен труд, согласно студиската програма.

Студентите кои во рокот од предходниот став нема да ги положат предвидените испити во студиската прогама, имаат право повторно да ја запишат соодветна студиска програма, во студиска година определена врз основа на признаените испити.

Со посебна одлука на Органот на основачот на Универзитетот се регулираат финансиските трошоци на студентот при повторно запишување на студиска програма, согласно правото утврдено во став 2 од овој член.

**Постапка за пријавување, изработка и одбрана на дипломска работа**

**Член 63**

Дипломска работа (понатамошниот текст: дипломска работа) е самостоен труд во којшто студентот ја обработува избраната тема со примена на научни и стручни методи и преку кој покажува дека стекнал научни и стручни компетенции во согласност со целите на студиската програма.

Студентот на студиска програма на прв циклус на студии за која е предвидена изработка на дипломски труд, може да пријави изработка на дипломски труд најрано на почетокот на последниот семестар од студиската програма (шести за тригодишни студии, односно осми за четиригодишни студии), доколку ги положил сите испити од претходните студиски години на соодветната студиска програма.

Условите за пријавување, изработка и оценка на дипломската работа ги определува Советот на факултетот на кој се реализира студиската програма, согласно овој Правилник и спецификите на своите студиски програми.

**Член 64**

Предметните дисциплини по кои може да се изработуваат дипломски трудови ги определуваат Советот на секој од факултетите на почетокот на академската година. Советот може да прецизира и листа на работни наслови на теми за дипломски труд и одговорни наставници за истите - ментори.

Насловот и тезите на дипломскиот труд ги определува наставник од соодветната област, во договор со студентот.

Пријавата за дипломскиот труд, на пропишан образец, се поднесува до Советот, преку Архивата.

Студентската служба и Службата за сметководство претходно потврдуваат дали студентското досие, во материјална форма, ги содржи сите потребни документи и пријави и дали студентот целосно ги има регулирано финансиските обврски.

Темата за дипломскиот труд се смета за усвоена само врз основа на одлуката на Советот на факултетот.

Менторот за изработка на дипломскиот труд се избира од страна на Советот на факултетот, имајќи ги предвид предлогот на студентот за ментор и компетентноста на наставникот за соодветната област.

Во текот на периодот за изработка на дипломскиот труд, на образложено барање на студентот или менторот, Советот може да прифати пријава на нов дипломски труд, кај истиот или друг предметен наставник.

Дипломскиот труд се пишува на македонски јазик, односно на јазикот на кој се реализира студиската програма (англиски, албански).

Формата и правилата на дипломскиот труд ги пропишува факултетот на кој се реализира студиската програма, во согласност со спецификите на студиското подрачје и Упатството за изработка на семинарска работа и есеј, дипломска работа и магистерски труд на Универзитетот.

**Член 65**

Студентот го доставува дипломскиот труд за оценка (и одбрана, доколку за истиот е предвидена согласно студиската програма), најдоцна во рок една година од денот на одобрувањето на темата.

По истекот на рокот од претходниот став од овој член, Советот може по барање на студентот, од оправдани причини, рокот за изработка и одбрана на завршниот труд да го продолжи за уште една година (вкупно две години од денот на одобрувањето на темата), без оглед во која фаза се наоѓа постапката.

Студент кој нема да ги заврши студиите согласно роковите став 1 и 2 од овој член, има право повторно да пријави изработка на дипломски труд, кај истиот или друг ментор.

Студентот може да го достави изработениот дипломскиот труд за оценување, откако ќе ги положи сите предвидени предмети, ќе ги исполни условите и сите обврски од студиската програма и ќе ги регулира сите административни и финансиски обврски, за што потврда издава службата за студентски прашања. Дипломскиот труд се доставува до Архивата на Универзитетот, во 4 (четири) примероци.

По изработката на дипломскиот труд, менторот е должен да обезбеди извештај од базата на податоци за плагијати на министерството надлежно за работите на високото образование. Проверката е прифатлива доколку извештајот од проверките не надминува 30 проценти.

Дипломскиот труд за тригодишна студиска програма ја оценува комисија составена од два наставника. Дипломската работа за четиригодишна студиска програма ја оценува комисија составена од три наставника.

Рокот за оценка на трудот не може да биде подолг од 30 дена.

Менторот е член на комисијата од став 5 на овој член.

Комисиите за оценка (и одбрана) од став 5 на овој член ги определува Советот на соодветниот факултет.

Во услови и кога со студиската програма не е предвидена јавна одбрана на дипломскиот труд, на барање на еден од членовите на комисијата / студентот, може да се спроведе и одбрана / јавна презентација на дипломската работа.

**Член 66**

Комисијата, во договор со студентот, го определува денот на оцена и/или одбраната на дипломската работа. За денот на оцена и/или одбраната на дипломската работа, менторот ги известува Правната служба и Студенската служба, најмалку 5 работни дена пред оцената и/или одбранатата.

Одбраната започнува со воведно излагање на менторот кој ги запознава присутните со темата на дипломската работа.

По излагањето на менторот, на кандидатот му се овозможува во траење (по правило) од 20 минути, да ја изложи дипломската работа.

По излагањето на кандидатот, членовите на комисијата поставуваат прашања кои се релевантни за дипломската работа и соодветната научна област. Прашања може да постават и останатите присутни, во писмена форма и со согласност на Комисијата.

Кандидатот е должен да одговори на прашањата кои се во врска со темата и областа на дипломскиот труд.

**Член 67**

Оценувањето на дипломскиот труд се врши во пријава за испит или на посебен образец кој го потпишуваат членовите на комисијата. Комисијата дава оценка од 5 до 10.

Пријавата за дипломскиот труд со насловот на темата, составот на членовите на комисијата, еден примерок од дипломскиот труд и оценката од дипломскиот труд се приложуваат во досието на студентот.

На студентот кој целосно ја реализирал студиската програма му се издава уверение за завршен прв циклус студии со стекнатите кредити и звање согласно акредитацијата на студиската програма.

Уверението ги содржи и оценките за сите положени предмети, како и просечниот успех што го постигнал студентот. Просечниот успех е аритметичка средина на сите оценки, вклучувајќи ја и оценката од дипломскиот труд.

**Член 68**

На студентот кој добил оценка 5 за дипломскиот труд, може да му се издаде уверение за положени испити, со забелешка дека нема изработено дипломскиот труд. Тој има право да го доработи истиот дипломски труд или да поднесе пријава за нов дипломскиот труд.

Студентот кој не пријавил дипломскиот труд во согласност со одредбите од овој Правилник, а ги положил сите испити предвидени со студиската програма, има право да пријави дипломскиот труд најдоцна до истекот на периодот за завршување на студиите, определен со член 62, став 2.

Рокот од предходниот став може да биде продолжен со одлука на Советот, по претходно поднесено образложено барање од страна на студентот за постоење на оправдани причини за продолжување на рокот.

Доколку студентот не постапил според став 2 или став 3 од овој член, го губи статусот на студент. Во таков случај, студентот има право повторно да изврши упис (реактивација на студиите), согласно овој Правилник.

**Постапка за пријавување, изработка и одбрана на специјалистички труд**

**Член 69**

Овој член се однесува на студиските програми од втор циклус на студии кои се едногодишни специјалистички студии, или на двегодишни со кои студентите имаат можност со изработка на специјалистички труд по завршувањето на четвртата студиска година да се стекнат со диплома (меѓудиплома) со освоени 60 ЕКТС кредити од втор циклус на едногодишни (специјалистички) студии. Тие стекнуваат најмалку 240 ЕКТС кредити заедно со кредитите од првиот циклус на студии.

Специјалистичкиот труд од став 1 од овој член се пријавува, изработува и брани во постапка и на начин согласно овој Правилник со кои се регулира пријавување, изработка и одбрана на дипломски труд на четиригодишни студии за кој е предвидена одбрана. Исклучок може да постои само во делот на завршното оценување на специјалистичкиот труд кое може да биде описно („го одбранил специјалистичкиот труд", односно „не го одбранил специјалистичкиот труд"), наместо нумерички (на скала од 5 до 10), согласно студиската програма.

**Постапка за пријавување, изработка и одбрана на магистерски труд**

**Член 70**

Магистерскиот труд е резултат на самостојна работа на студентот во којшто студентот ја обработува одбраната тема со примена на научни и стручни методи, со кој се дава научен придонес и преку кој студентот покажува дека се стекнал со соодветни компетенции во согласност со целите на студиската програма.

Магистерскиот труд од областите на уметноста и архитектурата може да биде изработен на начин кој е соодветен за подрачјето на уметноста во кое се подготвува трудот.

Магистерскиот труд треба да биде јазично, стилски и технички обликуван во согласност со современата методологија, техника и технологија за изработка на публикации.

Формата и правилата за изработка на магистерски труд се утврдени со Упатство за изработка на семинарска работа и есеј, дипломска работа и магистерски труд на Универзитетот.

Дополнителни стандарди и специфики за изработка на магистерските трудови согласно научното, односно уметничкото поле, може да определи Советот на единицата.

**Член 71**

Магистерскиот труд се пишува на македонски јазик, односно на јазикот на кој се реализира студиската програма (англиски, албански, ...).

Магистерскиот труд може да се изработува и на друг јазик, доколку студиската програма е акредитирана како таква.

Во случаите од предходниот став, кандидатот има обврска да обезбеди превод на магистерскиот труд на македонски јазик.

**Член 72**

Студент на втор циклус едногодишни студии, може да пријави тема за магистерски труд најрано по запишувањето на десеттиот семестар и положени најмалку три испити.

Во случај на двегодишна студиска програма на втор циклус студии, студентот може да пријави тема за магистерски труд најрано по запишувањето на деветти семестар, доколку ги положил сите испити од претходната година на студии.

Пријавата за изработување на магистерски труд се поднесува на пропишан образец до Советот на единицата во рамките на која се организираат студиите од втор циклус.

Насловот на темата на магистерскиот труд го предлага кандитатот во договор со менторот.

Составен дел на пријавата за изработување на магистерски труд е идејната скица на магистерскиот труд, која содржи наслов на темата, предмет на истражување, цели на истражу-вањето, образложение на работните хипотези и тези, образложение за научната, уметничката и стручната оправданост на темата, очекуван придонес и примена на резултатите од истражувањето,

нацрт на содржината, план за работа, научни методи кои ќе се применат и преглед на литературата.

**Член 73**

Одлука за прифаќање на темата и предложениот ментор на магистерскиот труд донесува Советот.

Во текот на една академска година, еден наставник може да биде определен за ментор на најмногу 12 кандидати кои изработуваат магистерски трудови.

На барање на студентот, Советот може да му назначи екстерен ментор од друга високообразовна институција од земјата или од странство.

Екстерниот ментор треба да ги исполнува условите за ментор утврдени во овој Правилник.

Во случајот од став 3 на овој член, трошоците за екстерниот ментор ги сноси кандидатот по чие барање е назначен екстерен ментор.

Во текот на изработката на магистерскиот труд, на образложено барање на кандитатот или на менторот, Советот на единицата на која се организираат студиите може да донесе одлука за промена на менторот.

**Член 74**

Од прифаќањето на темата на магистерскиот труд започнуваат да течат роковите за изработка и одбрана на магистерскиот труд. Студентот ги завршува постдипломските студии со успешна одбрана на магистерскиот труд.

Рокот од претходниот став е најмалку 6 месеци, а најмногу е 2 години.

По истекот на рокот од претходниот став од овој член, совет може, по барање на студентот, од оправдани причини, рокот за изработка и одбрана да го продолжи за уште една година (вкупно три години од денот на одобрувањето на темата).

Студент кој нема да ги заврши постдипломските студии согласно роковите од претходните ставови, или се откаже од веќе пријавениот и одобрен магистерски труд, има право да поднесе пријава за нов магистерски труд, кај истиот или друг ментор, согласно со постапката од член 72 од овој Правилник.

**Член 75**

Периодот на подготовка на магистерскиот труд под менторство трае најмалку четири месеци (т.н. менторска фаза).

По завршување на менторската фаза, менторот поднесува извештај во форма на образложен предлог (менторско мислење) до советот.

Доколку мислењето е позитивно, советот формира комисија за оценка на магистерскиот труд.

Комисијата за оценка на магистерскиот труд се состои од три наставници, од кои најмалку два треба да се од соодветната научна област. Менторот не може да биде претседател на комисијата.

**Член 76**

Студентот е должен да достави електронска верзија и три еднообразни примероци од магистерскиот труд (по еден за секој член на комисијата за оценка на трудот) во Архивата на Универзитетот.

Комисијата за оценка на магистерскиот труд е должна да го прегледа трудот и доколку нема забелешки да достави Извештај за оценка на магистерскиот труд, најдоцна 90 (деведесет) дена од денот на поднесувањето на трудот.

Доколку Комисијата за оценка на магистерскиот труд има забелешки, истите во писмена форма, најдоцна во рок од 90 дена од денот на поднесувањето на трудот, ги доставува до

кандидатот заради постапување по истите. Рокот за доработка на магистерскиот труд не може да биде пократок од еден месец, ниту подолг од три месеци.

Доколку трудот биде изменет по барање на Комисијата за оценка, кандидатот е должен да достави три нови примероци од магистерскиот труд.

Во случајот од став 3 од овој член, Комисијата за оценка на магистерскиот труд е должна повторно да достави Извештај за оценка на трудот во рок од 30 дена од добивањето на примерокот од магистерскиот труд со направените измени.

Ако студентот не изврши промени во магистерскиот труд во рок од 90 дена, Претседателот на Комисијата за оценка на магистерскиот труд доставува известување до Советот.

Во случаите од ставот 6 на овој член, студентот го губи правото да го брани магистерскиот труд, но може да поднесе пријава за изработка на нов магистерски труд.

**Член 77**

Извештајот на комисијата за оценка на магистерскиот труд треба да содржи:

- назив на факултетот, одлуката со која е формирана комисијата, името и презимето на кандидатот, називот и темата на магистерскиот труд;
- предметот на истражување, релевантни податоци за подрачјето кое се истражува, методите кои се применувани во текот на истражувањето, како и резултатите од истражувањето;
- заклучок со предлог до Советот заснован на стручниот и научниот придонес на кандидатот.

Во прилог на извештајот на Комисијата за оценка на магистерскиот труд, се доставува извештај од базата на податоци за плагијати на МОН. Проверката е прифатлива доколку извештајот од проверките не надминува 30 проценти.

**Член 78**

По однос на извештајот на Комисијата за оценка, Советот донесува одлука врз основа на предлогот на Комисијата.

Доколку извештајот на Комисијата е негативен, односно ако не биде прифатен од страна на Советот, кандидатот има право да поднесе нова пријава за изработка на магистерски труд.

На седницата на која се разгледува извештајот на Комисијата за оценка, Советот може да побара доработка на магистерскиот труд.

Рокот за доработка на магистерскиот труд го утврдува Комисијата за оценка.

По извршената доработка на магистерскиот труд, Комисијата повторно изготвува извештај за оценка на трудот.

**Член 79**

На седницата на која е усвоен извештајот на комисијата за оценка, Советот, со одлука формира Комисија за одбрана на магистерскиот труд.

Комисијата се состои од три наставници, од кои најмалку два треба да се од соодветната научна област. Менторот не може да биде претседател на комисијата. Комисијата за одбрана може да биде различна од Комисијата за оценка на магистерскиот труд.

Член на комисија за оценка и/или одбрана на магистерски труд не може да биде лице кое со лицето кое го изработува магистерскиот труд е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или му е брачен другар, лице со кое живее во вонбрачна заедница, или роднина по сватовство до втор степен.

Членовите на комисијата оценка и/или одбрана на магистерски труд не смеат меѓусебно да бидат роднини по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или да се брачни другари, лица кои живеат во вонбрачна заедница, или роднини по сватовство до втор степен.

**Член 80**

Пред одбраната на магистерскиот труд, студентот предава 6 (шест) истоветни примероци од последната верзија на трудот укоричени со тврд повез, како и еден примерок во електронска форма.

Еден од примероците од магистерскиот труд се става на јавен увид во библиотеката на Универзитетот.

**Член 81**

Терминот за одбрана на магистерскиот труд го утврдуваат меѓусебно кандидатот, менторот и членовите на комисијата, водејќи сметка за рокот од став 3 на овој член.

Откако е утврден терминот за одбрана, менторот има обврска во Архивата на Универзитетот да пополни образец за датумот и часот кога ќе се организира одбраната.

Одбраната може да се организира доколку од предавањето на образецот од предходниот став на овој член се поминати најмалку седум дена и доколку стручните служби потврдат дека документацијата од студентското досие е комплетирана и студентот ги исполнил во целост финансиските обврски кон Универзитетот.

**Член 82**

Одбраната на магистерскиот труд е јавна.

Одбраната започнува со воведно излагање на претседателот на комисијата за одбрана во кое ги изнесува биографските податоци за кандидатот, ги запознава присутните со темата на магистерскиот труд, како и со заклучокот од извештајот на комисијата за оценка.

По излагањето на претседателот на комисијата, на кандидатот му се овозможува во траење (по правило) од 30 минути, да го изложи магистерскиот труд со главните резултати од истражувањето.

По излагањето на кандидатот, прашања поставуваат членовите на комисијата. Прашања во врска со магистерскиот труд можат да поставаат и останатите присутни, во писмена форма и преку комисијата.

Кандидатот треба да покаже дека владее со темата на магистерскиот труд и поседува продлабочени знаења од потесната научна област од која е магистерскиот труд.

**Член 83**

По завршувањето на одбраната на магистерскиот труд, комисијата за одбрана јавно ја соопштува оценката на одбраната на трудот.

Оценувањето се врши со две описни оценки: „го одбрани магистерскиот труд." и „не го одбрани магистерскиот труд.".

За текот на одбраната се води записник во кој се внесува и оценката од став 2 на овој член.

Записникот го потпишуваат членовите на Комисијата.

Пријавата за магистерскиот труд со насловот на темата, составот на членовите на комисиите, извештајот (рецензијата), еден примерок од магистерскиот труд и оценката од магистерскиот труд се приложуваат во досието на студентот.

**Член 84**

По успешната одбрана, на студентот му се издава уверение за завршен втор циклус студии и стекнати 300 кредити и назив согласно акредитацијата на студиската програма.

**Член 85**

На студентот кој не го одбранил магистерскиот труд, може да му се издаде уверение за положени испити, со забелешка дека нема одбрането магистерски труд.

**Звања**

**Член 86**

Лицето кое ги завршило додипломските студии се стекнува со назив дипломиран и додавка на соодветната област, ако со закон поинаку не е уредено.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, академскиот назив по завршување на додипломските студии е bachelor или baccalaureus, односно baccalaurea.

**Член 87**

Лицето кое по завршувањето на втор циклус студии стекнало најмалку 240 ЕКТС кредити, вкупно од прв и втор циклус студии, се стекнува со назив: специјалист од соодветната област.

Лицето кое по завршувањето на втор циклус студии стекнало најмалку 300 ЕКТС кредити, вкупно од прв и втор циклус студии, се стекнува со назив: магистер на науки од соодветната област.

Лицето кое по завршувањето на втор циклус студии стекнало најмалку 300 ЕКТС кредити на студиските програми од прв и втор циклус студии од областа на уметностите се стекнува со назив: магистер на уметности, од соодветната област.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, научниот назив по завршување на постдипломските студии е master, Master of Science (MSc), односно Master of Arts (MA).

**Член 88**

Со завршување на стручните студии со 180 ЕКТС кредити се стекнува диплома со додавка на соодветната струка, ако со закон поинаку не е уредено.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, стручниот назив по завршување на првиот циклус на стручни студии е bachelor или baccalaureus, односно baccalaurea, со додавка на струката, ако со закон поинаку не е уредено.

## VII ДИПЛОМА И ДОДАТОК НА ДИПЛОМА

**Диплома и додаток на диплома**

**Член 89**

На студентот кој ќе ги изврши сите обврски по студиската програма за добивање на високо образование во кој било циклус на образование, Универзитетот и единицата на универзитетот, врз основа на евиденцијата што се води за него му издава диплома.

Со дипломата од ставот 1 на овој член се потврдува дека студентот завршил студиска програма од соодветниот циклус на студии и се стекнува со соодветен стручен или научен назив. Составен дел на дипломата е додаток на дипломата.

**Член 90**

Диплома и додаток на диплома ги потпишува Ректорот и деканот на единицата и се заверува со сув печат на универзитетот.

Заедничката диплома и додаток на дипломата ја потпишуваат овластените лица на високообразовните установи кои организираат студиска програма за стекнување на заедничка диплома.

**Член 91**

Содржината и формата на дипломата и додаток на дипломата се определени со посебен акт пропишан од министерот надлежен за работите на високото образование.

**Промоција**

**Член 92**

Промоцијата претставува свечено врачување на дипломите за завршени студии.

Дипломите од првиот и вториот циклус на универзитетски студии ги врачува деканот.

**Одземање на диплома**

**Член 93**

На студент кој се стекнал со диплома, може да му се одземе издадената диплома, односно стекнатиот стручен или научен назив ако се утврди дека не ги исполнувал условите за добивање статус на студент на соодветната високообразовна установа, дека се здобил со стручен или научен назив спротивно на условите за стекнување на стручен, односно научен назив, утврдени со Статутот на Универзитетот или со закон.

**Член 94**

Условите и постапката за одземање на издадената диплома се утврдуваат со посебен правилник на Универзитетот.

## VIII ИЗДАВАЊЕ ДРУГИ ИСПРАВИ

**Уверенија**

**Член 95**

Универзитетот издава уверенија за целосно или делумно реализирана студиска програма и уверение за одбранет дипломски труд или специјалистички или магистерски труд.

**Член 96**

Уверението за целосно реализирана студиска програма се издава откако студентот ќе ги положи сите испити предвидени со студиската програма и ќе одбрани завршен труд, доколку истиот е предвиден со студиската програма.

Уверението за целосно реализирана студиска програма се издава на образец пропишан од страна на министерот надлежен за работите на високото образование.

**Член 97**

Уверение за делумно реализирана студиска програма се издава по претходно писмено барање од страна на студентот.

Уверението за делумно реализирана студиска програма се издава на образец пропишан од страна на министерот надлежен за работите на високото образование.

**Член 98**

Уверение за одбранет дипломски или специјалистички или магистерски труд му се издава на студентот веднаш по завршувањето на одбраната.

Уверението за одбранет дипломски или специјалистички или магистерски труд се издава на образец пропишан од страна на Универзитетот.

Уверението за одбранет дипломски или специјалистички или магистерски труд е потпишано од сите членови на комисијата за одбрана.

**Член 99**

Универзитетот може да одбие да издаде уверение ако студентот има доспеани а неплатени финансиски обврски кон универзитетот.

**Потврди**

**Член 100**

Потврдите ги издава референтот на Студентска служба, според базата на податоци од електронскиот систем, по претходно писмено барање од студентот.

Одделни потврди може да издава ректорот, деканот, генералниот секретар, комисија или друга служба на универзитетот.

Потврдите се издаваат на образец пропишан од страна на Универзитетот.

**Член 101**

Органот на основачот може, со одлука, да утврди одреден финансиски надомест за издавање на одделни потврди.

**Решенија**

**Член 102**

Решенија издаваат органите или телата кои ги донеселе.

## IX ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 103**

Сите постапки за подготовка и одбрана на завршен труд започнати согласно Правилникот за начинот на пријавување, изработка и одбрана на специјалистички труд и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии ќе се довршат согласно одредбите од овој Правилник.

Доколку одредени одредби од Правилникот за начинот на пријавување, изработка и одбрана на специјалистички труд и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии се поповолни за студентот ќе се применуваат до одбраната на завршниот труд.

Одредбата од став 2 од овој член се однесува само на започнати постапки согласно Правилникот за начинот на пријавување, изработка и одбрана на специјалистички труд и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии, а пред стапување во сила на овој Правилник.

**Член 104**

Со стапувањето на сила на овој Правилник престануваат да важат: Правилникот за начинот на пријавување, изработка и одбрана на специјалистички труд; Правилникот за организирање на последипломски студии (по класичниот систем на студирање) на Првиот приватен универзитет - ФОН и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии.

**Член 105**

Овој правилник стапува на сила и ќе се применува 8 дена по објавувањето во Билтенот на ФОН Универзитетот.

Одредбите од член 30 до член 36 коишто се однесуваат на електронската евиденција ќе се применуваат од академската 2020/21 година.

**Претседател на Сенатот**

______________________

**проф. д-р Оливер Илиев, с.р.**

# Молба за реактивација

Име и презиме на студентот______________________________

Број на индекс______________

Факултет____________________

Мобилен телефон______________

Датум______________

Причина за барање за реактивација по нова студиска програма

____________________________________________________________________________

Дадени инструкции за постапување по однос на финансии и останати протоколи

____________________________________________________________________________

Потпис на директор____________________

Потпис на референт кој ја примил молбата________________

Потпис на правна служба ____________________

Потпис на претседател на комисија за признавање испити__________________

Потпис на IT сектор_________________

Потпис на сметководство____________________

НОВ ИНДЕКС НА СТУДЕНТОТ________________

Согласно член 94, точка 22 од Законот за високото образование, Сенатот на Првиот приватен универзитет - ФОН, на седницата одржана на 02.07.2019 го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ ТРЕТ ЦИКЛУС (ДОКТОРСКИ) СТУДИИ

### Предмет на уредување

**Член 1**

Со овој Правилник се регулира третиот циклус (докторски) студии на Првиот приватен универзитет - ФОН, односно организацијата и структурата на докторските студии, условите и начинот на запишување студенти, правилата за студирање, постапката на пријавување, изработка и одбрана на докторски проект и докторска дисертација, издавањето на уверенија и дипломи, заштитата на резултатите од научно-истражувачката работа и други прашања од значење за докторските студии.

### Начела и цели на докторските студии

**Член 2**

Начела на докторските студии се:

- иновативност;
- примена на највисоките меѓународни академски и и научни стандарди;
- почитување на референтни меѓународни мерила за квалитет;
- транспарентност;
- меѓународна конкурентност;
- отвореност за соработка со сродни програми на докторски студии во земјата и/или во странство

Цели на докторските студии се:

- академска извонредност (academic excellence);
- креирање на нови и релевантни научни сознанија;
- оспособување на кандидатите за истражувачки пристап кон проблемите, интердисциплинарност, како и оспособување за критичко оценување на работата на другите;
- стекнување на знаења, искуства и вештини кои на идните доктори на науки ќе им овозможат критичко согледување и изнаоѓање на научно-истражувачки одговор на општествените проблеми во областа во која ќе го стекнат научниот степен.

**Подрачја на кои се организираат на докторските студии**

**Член 3**

На ФОН Универзитетот се организираат докторски студии од подрачјата на:

- правните науки;
- економските науки;
- политичките науки;
- безбедносните науки.

Доколку има потреба, ФОН Универзитетот може да организира докторски студии и од други подрачја.

**Советот за докторски студии**

**Член 4**

Советот за докторски студии го сочинуваат сите акредитирани ментори за трет циклус (докторски) студии.

Советот од редовите на своите членови избира Претседавач.

Претседавачот на Советот се избира за временски период од три години, со право на уште еден реизбор.

Одлуката за избор на Претседавач на Советот се носи со мнозинство гласови, ако на седницата присуствуват најмалку две третини од вкупниот број на членови на Советот.

**Член 5**

Советот на докторски студии:

- предлага распишување конкурс за упис на студенти на трет циклус (докторски) студии;
- избира конкурсна комисија за реализација на уписите за трет циклус (докторски) студии;
- ги утврдува посебните правила и критериуми врз основа на кои што се врши рангирање на кандидатите по конкурсот;
- го спроведува уписот по објавувањето на конечната ранг листа;
- донесува одлука за распоред на работните задачи на наставниците на третиот циклус студии;
- определува привремен ментор на докторскиот проект;
- определува членови на комисија за оценка и одбрана докторскиот проект;
- предлага измени на постојните докторски студии и нивно иновирање;
- дава иницијатива за организирање на нови докторски студии;
- одлучува за временската динамика на докторските студии, испитите, одбраните на докторските дисертации и слично;
- го предлага износот на школарината и останатите надоместоци кои студентите ги плаќаат на третиот циклус на студии;
- се грижи за континуирано одржување на квалитетот на докторските студии;
-одлучува по барањата на студентите за мирување настудиите, продолжување на докторските студии;
- одлучува за други работи.

**Член 6**

Претседавачот со Советот за докторски студии:

- се грижи за законитоста во организацијата и спроведувањето на докторските студии;

- ги свикува и претседава со седниците на Советот за докторски студии;

- се грижи за усогласено вршење на наставната и научно-истражувачката работа на докторските студии;

- поднесува предлог-одлуки кои ги усвојува Советот за докторски студии;

- ги потпишува одлуките кои ги донеспл Советот на докторски студии и се грижи за нивното извршување;

Се грижи за законитоста во организацијата и спроведувањето на докторските студии

## Запишување на докторски студии

### Член 7

Запишувањето на кандидати на докторски студии се врши по пат на јавен конкурс.

Јавниот конкурс го распишува Универзитетот најрано 5 месеци пред почетокот со настава. Конкурсот за последниот уписен рок мора да биде објавен најдоцна еден месец пред почетокот со настава.

На докторските студии може да се запишат кандидати кои:

- завршиле соодветни студии од вториот циклус на академски студии и стекнале најмалку 300 ЕКТС кредити, вкупно од првиот и вториот циклус на студии, со просечна оценка од најмалку 8 (осум) на секој циклус посебно;

- завршиле постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, на кои им се признаваат најмногу до 60 кредити од наставната компонента на докторските студии.

- да познаваат еден од светските јазици на академско ниво што се докажува со меѓународно признат сертификат (IELTS, TOEFL, BULATS).

### Член 8

Признавањето на кредитите од член 7, став 3, алинеа 2 од овој Правилник се врши за првата година на докторските студии, со решение на Комисија за признавање на испити од соодветната област во која се организирани докторските студии.

Комисијата за признавање испити ја формира Советот за докторските студии.

Кандидатите кои бараат да им се признаат испитите должни се со барањето да поднесат изворна студиска програма со силабуси за предметите кои ги полагале. Ако студиските програми се од странски универзитет или друга странска високообразовна установа, должни се да достават нотарски заверен превод од истите на македонски јазик.

## Постапка за запишување на докторски студии

### Член 9

Постапката за упис ја спроведува Конкурсна комисија.

Конкурсната комисија ја избира Советот за докторски студии.

Конкурсната комисија се состои од најмалку 5 членови.

### Член 10

По објавувањето на јавниот конкурс, кандидатите за запишување на докторски студии доставуваат:

- пријавен лист со назначување на избраната студиска програма за која конкурира;

- мотивационо писмо, со назначување на потесната областа на истражување и иницијалната тема на која сака да ја брани докторската дисертација со кратко образложение и предлог за привремен ментор од листата на ментори;

- CV;

- фотокопија од лична карта или пасош;

- докази со кои се докажува исполнетоста наусловите за запишување на докторски студии, утврдени во член 7, став 3 од овој Правилник;

- друга документација утврдена во конкурсот.

Уверенијата и дипломите за завршен прв и втор циклус на студии кандидатите ги поднесуваат во копија заверена на нотар. Кандидатите кои квалификациите ги стекнале во странство поднесуваат решение на Министерството за образование и наука за признавање на образовна квалификација стекната во странство, копии на оргиналните дипломи и нотарски заветен превод на истите.

Постапката за признавање на образовна квалификација стекната во странство мора да биде завршена најдоцна до завршувањето на рокот за конкурирање.

**Член 11**

По завршувањето на конкурсот се објавува прелимина рнаранг листа на примени кандидати за секоја студиска програма, на веб-страницата на ФОН Универзитетот.

Рангирањето се врши според критериумите утврдени со конкурсот.

**Член 12**

Незадоволните кандидати имаат право на приговор до Советот на докторски студии, во рок од 24 часа од објавувањето на прелиминарната ранг листа.

Одлуката на Советот на докторски студии по приговорите е конечна.

По завршувањето на постапката по приговорите, Советот на докторските студии во рок од 48 часа објавува конечна ранг листа на примени кандидати, на веб-страницата на Универзитетот.

**Член 13**

Запишувањето се врши во рок од 7 дена од објавувањето на конечната ранг листа.

Ако некој од примените кандидати, од било кои причини, не се запише во рокот, се смета дека се откажал од студирање на трет циклуси на негово место се запишува кандидатот кој е следен на конечната ранг листата.

При запишувањето, сите студенти склучуваат поединечен договор за студирање.

**Финансирање на докторските студии**

**Член 14**

По предлог на Советот на докторски студии, менаџментот на ФОН Универзитетот ги определува износот на школарината, висината надоместоците за одржаната настава, висината на надоместокот за менторите на докторските проекти и дисертации, надоместоците за испити, надоместоците за членовите накомисиите за оценка и одбрана на докторските проекти и дисертации, како и другите надоместоци кои ги уплаќаат студентите.

Финансиските приливи за докторските студии се уплаќаат на посебна сметка на ФОН Универзитетот.

**Член 15**

При уписот, студентите се должнида се определат за потесната научна област во која ќе ги работат докторскиот проект и докторската дисертација, како и да предложат ментор од редот на акредитираните ментори на докторските студии, по претходна писмена согласност од потенцијалниот ментор.

До крајот на првиот семестар, Наставно-научниот совет на соодветниот факултет, може, по предлог на студентот да донесе одлука за промена на научната област во којаќе ги работат докторскиот проект и дисертацијата, како и за промена на привремениот ментор.

При определувањето на супервизорот, кој, по правило, ќе биде и привремен ментор на докторскиот проект и ментор на докторската дисертација, Наставно-научниот совет особено води сметка за неговата потесна научна специјализација, исполнувањето на условите за ментор согласно Законот и моменталното оптоварување на дадениот наставник.

**Траење и рок за завршување на докторските студии**

**Член 16**

Докторските студии траат три години, од која секоја носи по 60 ЕКТС кредити, односно вкупно 180 ЕКТС кредити.

Студентот може да ги заврши докторските студии најдоцна во рок од 6 години сметано од денот со почеток на настава. Во овој рок не се смета мирувањето на студиите.

По истекот на рокот од претходниот став, се губи статусот на студент.

**Член 17**

Докторските студиите може, од оправдани причини, да мируваат најмногу до една година.

Докторските студии може да мируваат поради долготрајна болест на студентот и поради задолжителна нега на малолетно лице или лице со посебни потреби.

Причините за мирување студентот задолжително ги докажува со соодветен документ.

Советот на докторски студии може да донесе одлука за мирување на студиите и поради други, исклучителни, особено оправдани случаи.

Студиите може да мируваат само еднаш во текот на студирањето.

**Структура на докторските студии**

**Член 18**

Студиската програма за докторски студии опфаќа наставна и научно-истражувачка работа под менторство и се состои од следните задолжителни компоненти:

1. организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви;
2. независен истражувачки проект под менторство (докторски проект);
3. меѓународна мобилност, најмалку еднонеделен престој на универзитет во странство со кој ФОН Универзитетот има договор за соработка или друг универзитет во странство;
4. предавања и друг вид на комуникациски активности;
5. објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд и
6. изработка и јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект.

**Член 19**

Организираната академска обука се состои од задолжителни и изборни предмети во првата година на студии кои носат вкупно 60 ЕКТС кредити.

Изборните предмети студентот ги избира во консултација со супервизорот во потесната област во која ќе се работат докторскиот проект и докторската дисертација.

**Член 20**

Наставата се одвива во форма на предавања, консултации и научни дискусиони групи на актуелни теми од потесната научна област во која ќе се изготвува докторската дисертација.

Наставата се реализира ако е формирана група од најмалку 5 студенти кои редовно ќе следат настава.

Доколку не се формира група од најмалку 5 студенти, наставата се реализира менторски.

Вкупното оптоварување од наставата изнесува максимум 60 ЕКТС кредити.

**Полагање на испитите**

**Член 21**

Студентите имаат право да ги полагаат испитите откако ќе ги ислушаат предавањата.

Полагањето на испитите се реализира во договор со предметните наставници, секој месец, освен за време на зимскиот и летниот распуст кој се определува со глобалниот годишен распоред на ФОН Универзитетот.

Испитите може да се полагаат кај предметниот наставник или пред комисија.

Комисијата за полагање испит ја формира Наставно-научниот совет на соодветниот факултет и се состои од најмалку три члена.

**Член 22**

Оценките се од 5 (пет) до 10 (десет), односно од A-F, при што оценката 5 (пет)/F означува недоволен успех.

Испитот, по правило, се спроведува писмено. Предметниот наставник односно комисијата може да одлучи испитот да се спроведува и комбинирано, писмено и усно.

Предметниот наставник односно членовите на комисијата ја потпишуваат пријавата за испит и извештајот за спроведениот испит.

**Напредување во повисока година**

**Член 23**

Студентот може да се запише во втора година на студии ако заклучно со месец ноември во тековната година освои најмалку 40 ЕКТС кредити, при што, просечната оценка од испитите мора да изнесува најмалку 8 (осум).

Студентот може да се запише во трета година ако во заклучно од претходните две години освоил најмалку 100 ЕКТС кредити, при што, треба да има објавено најмалку еден научен труд во референтни научни публикации и да го одбранил докторскиот проект.

Најдоцна до крајот на петтиот семестар студентот мора да престојува најмалку една седмица на странски универзитет и да го објави вториот научен труд во референтна научна публикација.

По исклучок, на барање на кандидатот, Советот на докторски студии може да го продолжи рокот за објавување на вториот научен трудот најдоцна до завршувањето на петтиот семестар.

**Член 24**

Референтна научна публикација претставува:

1. научно списание во кое трудовите кои се објавуваат се рецензирани и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на

интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SC Imago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование;

2. научно списание во кое трудовите кои се објавуваат се рецензирани и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниотброј на членови;

3. научно списание во кое трудовите кои се објавуваат се рецензирани и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД;

4. книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД;

5. зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји или

6. преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност.

**Докторски проект**

**Член 25**

Докторскиот проект е привремен, сумарен и образложен нацрт на докторската дисертација. Докторскиот проект се изработува под раководство на привремен ментор кој го определува Советот на докторските студии.

Докторскиот проект мора да биде подготвен и јавно одбранет најдоцна до крајот на третиот семестар.

Комисијата за одбрана ја определува Советот за докторски студии, по претходно прибавено мислење од страна на привремениот ментор.

Привремениот ментор не може да биде претседател на Комисијата за одбрана.

Најмалку двајца членови на Комисијата мора да бидат од потесната научна област на која припаѓа докторскиот проект, а третиот треба да биде од сродна научна област.

**Член 26**

Обемот на докторскиот проект требада биде 40-45 страници и треба да биде подготовка за изработката на докторскиот труд (дисертација).

**Член 27**

Одбраната на докторскиот проект се одвива така што студентот ги изложува причините зошто се одлучил за темата, во колкава мера досега е истражена темата во компаративната странска литература, ја образложува научната и општествена оправданост на проектот, хипотезите врз кои го заснова истражувањето и методите кои ги применил,прелиминарните резултати од истражувањето и идеите како понатаму ќе се одвива истражувањето.

Членовите на Комисијата имаат право да поставуваат прашања и забелешки на подготвениот докторски проект и усната одбрана, по што следат одговорите на студентот.

Комисијата може да одлучи дека кандидатот го одбранил или не го одбранил докторскиот проект.

Записникот од обраната на докторскиот проект се доставува до Советот за докторски студии и до архивата на ФОН Универзитетот.

Ако кандидатот не го одбрани докторскиот проект, може повторно да го брани најрано по три месеца од денот на одржувањето на претходната одбрана.

**Член 28**

Стражувањето од докторскиот проект не може да се користи за подготовка и објавување на задолжителните дванаучни труда во референтна научна публикација.

**Меѓународна мобилност**

**Член 29**

Меѓународната мобилност, се остварува со најмалку еднонеделен престој на универзитет во странство, со кој ФОН Универзитетот има договор за соработка или друг соодветен универзитет.

Студентот е должен да достави потврда за студискиот престој и спроведените активности на странскиот универзитет.

Потврдата се доставува до Советот на докторски студии, супервизорот/менторот и еден примерок за студентското досие.

**Член 30**

Предавањата и друг вид комуникациски вештини се реализираат преку учество на кандидатите во изведување на настава на прв или втор циклус на студии, под контрола и инструкции на нивниот супервизор/ментор.

Обемот на учество во наставата го утврдува Советот за докторски студии и не може да изнесува помалку од 10 часа, ниту повеќе од 20 часа одржани предавања на предмети од прв или втор циклус на студии.

Менторот доставува извештај за спроведените предавања и друг вид комуникациски вештини до Советот за доксторски студии.

**Пријавување на докторскиот труд (дисертација)**

**Член 31**

Студентот е должен да поднесе пријава за изработка дисертација во текот на четвртиот семестар и истата мора да биде одобрена од страна на Наставно-научниот совет на соодветниот факулт, најдоцна до завршувањето на четвртиот семестар.

Пријавата за докторската дисертација содржи:

- општи податоци за кандидатот;
- кратка биографија на кандидатот;
- Листа на објавени научно трудови;
- примерок од одбранетниот докторски проект и примерок од одлуката за одбранет докторски проект;
- наслов на предложената тема на докторската дисертација;
- изјава дека нема пријавено, ниту одбранил докторска дисертација со иста или слична тема на друг Универзитет во земјата или странство;
- предлог за ментор;
- преглед на очекуваните изворни научни резултати;
- опис на методите кои ќе се користат во истражувањето;
- прелиминарен попис на библиографијата која би се користела;
- изјава од предложениот ментор дека се согласува со предложената тема и прифаќа дабиде определен за ментор.

**Член 32**

По поднесената пријава, Наставно-научниот совет на соодветниот факултет формира трочлена комисија која треба да даде оценка за подобноста на темата и кандидатот, како и предлогот за ментор.

Комисијата е должна да го поднесе извештајот за подобност во рок од два месеца од денот на нејзиното формирање.

По позитивен извешта на комисијата, Наставно-научниот совет ја усвојува темата на докторската дисертација и определува ментор.

Ако извештајот на комисијата е негативен, кандидатот е должен да предложи нова тема на докторската дисертација, во консултација со потенцијалниот ментор.

.

**Ментор на докторскиот проект и докторската дисертација**

**Член 33**

Ментор на докторскиот труд може да биде:

- редовен или вонреден професор од соодветната научна област кој е вработен на ФОН Универзитетот;
- редовен или вонреден професор чиј работен однос е во мирување;
- редовен професор во пензија, кој пред пензионирањето бил во работен однос на ФОН Универзитетот.

Менторот на докторскиот проект и докторската дисертација мора да биде акредитиран од страна на Одборот за акредитација на високото образование.

**Член 34**

Еден професор може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него се обучуваат за научна работа.

**Член 35**

Меѓу менторот и кандидатот не смее да постои било каков однос кој може да доведе до судир на интереси.

Ментор на докторскиот проект и докторската дисертациија не може да биде лице кое е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, во странична линија до четврти степен, по сватовство до втор степен или му е брачен другар или лице со кое живее во вонбрачна заедница.

**Докторска дисертација**

**Член 36**

Докторската дисертација е самостоен и изворен научен труд кој по методологијата на обработка и степенот на научниот придонес е адекватен за утврдување на способноста на кандидатот да делува како самостоен истражувач во научното поле во кое припаѓа докторската дисертација.

Докторската дисертација се подготвува под раководство на менторот и подлежи на јавна научна проценка и објавување.

Докторската дисертација треба да биде во обем од 80.000 збора.

Докторската дисертација се пишува на јазикот согласно акредитацијата.

На барање на кандидатот, Советот на докторски студии може да одобри дисертацијата да се пишува и на друг јазик.

Доколку докторската дисертација е напишана на друг јазик, кандидатот е должен да направи опсежно резиме на дисертацијата и на македонски јазик, односно на јазикот согласно акредитацијата.

**Оценка на докторската дисертација**

**Член 37**

По изготвувањето на докторската дисертација, менторот до доставува извештај за завршената менторска фаза, до Наставно-научниот совет.

Извештајот на менторот содржи:

- оценка за завршеното истражување и оценка за изворноста на истото;
- доказ дека се објавени два научни труда во референтна научна публикација;
- предлог за формирање на комисија за оценка на докторската дисертација.

**Член 38**

По усвојувањето на извештајот на менторот, Наставно-научниот совет формира комисија за оценка на докторската дисертација.

Комисијата за оценка на докторската дисертација е составена од пет професори, од кои најмалку тројца се од потесната научна област на која припаѓа дисертацијата, а другите двајца се од сродна научна област.

Членови на Комисијата за оценка на докторската дисертација може да бидат само лица избрани во наставно-научни звања редовен професор или вонреден професор.

Менторот е член на Комисијата за оценка на докторската дисертација, но не може да биде нејзин претседател.

**Член 39**

Комисијата за оценка на докторската дисертација е должна да поднесе извештај до Наставно-научниот совет, најдоцна во рок од три месеца од денот на формирањето.

Овој рок не тече во текот на зимскиот и летниот распуст на ФОН Универзитетот кој, се определува со Глобалниот годишен календар.

Доколку Комисијата за оценка докторската дисертација не поднесе извештај во пропишаниот рок, должна е да го извести Наставно-научниот совет за причините за тоа.

Наставно-научниот совет може да го продолжи рокот за подготовка на извештајот за уште најмногу два месеца.

Ако и по овој рок Комисијата за оценка на докторската дисертација не поднесе извештај, Наставно-научниот совет формира нова комисија.

**Член 40**

За оценка на докторската дисертација, кандидатот е должен да достави пет примероци од дисертацијата, како и електронска верзија на дисертацијата на ЦД или да ја достави по електронска пошта.

Во прилог, кандидатот поднесува и писмена изјава со која потврдува дека докторската дисертација е:

- резултат на негово самостојно и автентично истражување;
- не загрозува ничии авторски или други права;
- докторската дисертација или нејзини делови не е пријавена, одбранета или објавена претходно под истиот или друг наслов во земјата или странство;
- се почитувани стандардите за изработка на дисертацијата пропишани од страна на ФОН Универзитетот;
- не постои судир на интереси

- е согласен ФОН Универзитетот да го објави текстот на докторската дисертација на својата веб-страница, како и да се користи за интерните наставни и научни потреби.

**Член 41**

Доколку Комисијата за оценка на докторската дисертација има забелешки, должна е, во писмена форма, да му ги достават на кандиатот.

Кандидатот е должен, најдоцна во рок од три месеци, да постапи по забелешките од Комисијата за оценка и да достави корегирана финална верзија на докторската дисертација, во електронска форма и 10 укоричени примероци во материјална форма.

Финалната верзија на докторската дисертација се доставува најдоцна пет дена пред одржувањето на седницата на Наставно-научниот совет на која ќе се разгледува извештајот на Комисијата за оценка.

**Член 42**

По усвојувањето на извештајот на Комисијата за оценка на докторската дисертација, Нанставно-научниот совет формира Комисија за одбрана на докторската дисертација.

Член на Комисијата за оценка може да биде и професор од друг универзитет во земјата или странство со кој ФОН Универзитетот има договор за соработка, доколку ги исполнува условите да може да биде наставник на докторски студии.

**Член 43**

Во Комисијата за оценка на докторската дисертација не може да биде лице кое е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, во странична линија до четврти степен, по сватовство до втор степен или му е брачен другар или лице со кое живее во вонбрачна заедница.

Членовите на Комисијата за оценка на докторската дисертација не смеат меѓусебно да биде лица кои се роднини по крв во права линија до кој и да е степен, во странична линија до четврти степен, по сватовство до втор степен или се брачни другари или лица кои кое живее во вонбрачна заедница.

Меѓу било кој член на Комисијата и кандидатот не смее да постои било каков однос кој може да предизвика судир на интереси.

Доколку по формирањето на Комисијата за оценка на докторската дисертација, некој нејзин член дознае за причините за поради кои не може да биде член на комисијата, должен е да ја прекине секоја своја активност во Комисијата и да побара изземење.

Во случај на изземење, Наставно-научниот совет, на првата наредна седница, ќе избере нов член на комисијата.

Предлог за изземање на член на Комисијата за оценка на докторската дисертација може да поднесе кандидатот.

**Член 44**

Извештајот на Комисијата за оценка на докторската дисертација може да биде позитивен или негативен.

Доколку извештајот е позитивен, во него се изнесува изворниот научен придонес.

Допколку извештајот е негативен, кандидатот го губи правото да пријави докторска дисертација.

**Член 45**

Извештајот на Комисијата за оценка на докторската дисертација го потпишуваат сите членови.

Поединечен член на Комисијата може даде свое издвоено, опбразложено мислење и оценка на докторската дисертација, доколку не се согласува со останатите членови на Комисијата.

**Член 46**

Извештајот на Комисијата за оценка на докторската дисертација содржи:
- основни податоци за кандидатот;
- предмет и цел на докторската дисертација;
- оценка на оригиналноста на идејата;
- значењето за научната мисла воопшто и оценка на степенот на применливост на резултатите од истражувањето во практиката;
- оценка дали почетните хипотези на истражувањето се потврдени;
- краток опис на содржината на докторската дисертација;
- оценка на научниот придонес на докторската дисертација
- дали се стекнати услови за одбрана на докторската дисертација.
- датум на изготвување на извештајот и потпис на членовите на Комисијата.

**Член 47**

Извештајот на Комисијата за оценка на докторската дисертација се објавува во Билтенот на ФОН Универзитетот.

Заинтересирани лица може да извршат увид во докторската дисертација и да поднесат приговор.

Комисијата за оценка на докторската дисертација е должна, во рок од 8 дена, да достави одговор на приговорот. Одговорот на приговорот се објавува во Билетнот на ФО Универзитетот и на неговата веб-страница.

**Член 48**

Наставно-научниот совет го усвојува извештајот на Комисијата за оценка на докторската дисертација ако мнозинството од членовите на комисијата имале позитивна оценка и го потпишале извештајот.

По усвојувањето на позитивниот извештај на Комисијата за оценка на докторската дисертација, на истата седница Наставно-научниот совет формира Комисија за одбрана на докторската дисертација.

Комисијата за одбрана на докторската дисертација ја сочинуваат, по правило, истите членови кои биле во Комисијата за оценка, вклучително и менторот.

Ако Комисијата за оценка изготвила негативен извештај и истиот биде усвоен од Наставно-научниот совет, постапката се запира и докторската дисертација не може да се брани, ниту повторно да биде пријавена нова докторска дисертација со иста или слична тема од страна на истиот кандидат.

Одлуката на Наставно-научниот совет е конечна и, истата мора да биде образложена.

**Член 49**

Пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб-страницата на ФОН Универзитетот, како и во базата на отворени образовни и научни ресурси која ја води министерството надлежно за високото образование.

## Одбрана на докторската дисертација

**Член 50**

Одбраната на докторската дисертација е јавна.

Одбраната на докторската дисертација се одржува најдоцна три месеци сметано од денот на усвојувањето на позитивниот извештај на Комисијата за одбрана, од страна на Наставно-научниот совет.

**Член 51**

Датумот за одбрана го определуваат спогодбено членовите на Комисијата за одбрана и кандидатот.

За одбраната се објавува соопштение во најмалку еден печатен медиум најмалку осум дена пред закажаната одбрана.

Менторот не може да биде претседател на Комисијата за одбрана.

Претседателот на Комисијата ја отвара јавната одбрана, изнесува општи податоци за кандидатот, резултатите од неговите докторски студии, како и од истражувањето, базирани врз извештајот што го подготвила Комисијата за оценка.

По ова, следи експозето на кандидатот во кој сумарно ја изнесува содржината на истражувањето, како и резултатите до кои дошол.

По експозето, членовите на Комисијата имаат право да му поставуваат прашања во врска со изнесените заклучоци и усната одбрана.

Кога Комисијата ќе оцени дека предметот на одбраната е доволно расправен, претседателот на Комисијата ја заклучува одбраната и Комисијата се повлекува заради советување и гласање.

Комисијата ја донесува одлуката со мнозинство гласови. Одлуката може да биде дека кандидатот ја одбранил докторската дисертација или дека не ја одбранил докторската дисертација.

Со одбраната на докторската дисертација кандидатот се стекнува со научен степен доктор на науки од соодветната научна област.

Комисијата му врачува на кандидатот примерок од својата одлука.

## Научен степен и промоција

**Член 52**

Дипломата за стекнатиот научен степен доктор на науки од соодветната научна област ја потпишуваат деканот на соодветниот факултет и ректорот на ФОН Универзитетот.

Докторите на науки свечено ги промовира ректорот на ФОН Универзитетот на јавна свечена промоција.

## Завршна одредба

**Член 53**

Овој Правилник стапува на сила осмиот ден по објавувањето во Билтенот на ФОН Универзитетот и на веб-страницата.

**Претседател на Сенатот**

____________________

**проф. д-р Оливер Илиев, с.р.**

Сиогласно член 94, точка 23 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), Сенатот на седницата одржана на 02.07.2019, го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ЕВРОПСКИ КРЕДИТ ТРАНСФЕР СИСТЕМ И ПРЕМИНОТ ОД ЕДНА НА ДРУГА СТУДИСКА ПРОГРАМА, ОДНОСНО ОД ЕДНА НА ДРУГА ЕДИНИЦА НА УНИВЕРЗИТЕТ И ОД ЕДНА ВО ДРУГА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА

**Предмет на уредување**

**Член 1**

Со овој правилник се утврдуваат единствените правила за Европскиот систем за трансфер и акумулација на кредити (во натамошниот текст ЕКТС) и преминот од една на друга студиска програма, како и преминот од една на друга единица на Првиот приватен универзитет - ФОН (во натамошниот текст: Универзитетот), прифаќањето на студенти од други високообразовни институции, како и за премин од една во друга високообразовна институција.

**Поим за ЕКТС**

**Член 2**

ЕКТС е систем ориентиран кон студентот, за собирање и трансфер на кредити врз основа на транспарентноста на резултатите и процесите на учењето. Негова цел е олеснување на планирањето, преносот, евалуацијата, признавањето и потврдување на квалификациите и единиците на учење, како и на студентската мобилност.

ЕКТС претставува систем на академско признавање на студиите, заснован врз:

- информации за студиските програми и постигнувањата на студентот,
- меѓусебната доверба на факултетите во состав на Универзитетот,
- меѓусебно договарање на факултетите во состав на Универзитетот и другите високообразовни установи во земјата и во странство, и
- употребата на кредити како мерка за оптовареноста на студентот.

Со ЕКТС се овозможува:

- зголемена мобилност на студентот на институционално и на национално ниво;

- прецизен увид во обемот на работата и изразување на оптовареноста на студентот во процесот на студирањето;
- развивање и функционирање на механизми за перманентно следење на напредокот на студентот според резултатите од учењето;
- објективност во оценувањето и признавањето на резултатите од студирањето;
- остварување компатибилност на студиските програми на институционално и на национално ниво;
- воспоставување меѓународна мобилност на студентот и остварување компатибилност на студиските програми на интернационално ниво, според принципите на ЕКТС;
- непречено пренесување на постигањата на студентот од една во друга институција;
- зголемена индивидуализација на текот на студирањето;
- создавање основи за остварување на концептот на доживотно учење.

**Примена на ЕКТС**

**Член 3**

ЕКТС го применуваат единиците на Универзитетот, во остварувањето на студиските и предметните програми за сите циклуси на студии.

Студиските програми претставуваат одобрен број на курсни единици или модули кои се признаваат за доделување на определено звање. Тие може да се дефинираат како сет на образовни излези кои треба да се постигнат за доделување на определен број кредити.

На Универзитетот се реализираат студиски програми кои го опфаќаат првиот, вториот и третиот циклус на високо-образовни квалификации и тоа:

- студиски програми од прв циклус (Додипломски студии/Bachelor),
- студиски програми од втор циклус (специјалистички и магистерски студии),
- студиски програми од трет циклус (докторски студии)

Студиските програми на Универзитетот треба да овозможат стекнување на генерички, специфични и практични компетенции. Целта на студиските програми е градење на овие компетенции (резултати од учењето). Компетенциите се формираат во различни курсни единици и се оценуваат во различни фази, во зависност од карактерот на студиските програми

**Поим за кредит и употреба на кредити во ЕКТС**

**Член 4**

„Кредит" е квантитативна мерка за изразување на обемот на учењето врз основа на обемот на работата која студентот во просек ја врши, односно оптоварувањето на студентот во кое се сметаат предавањата, семинарите, вежбите, другите облици на организирана студиска работа и самостојно учење со цел да ги постигне очекуваните резултати од процесот на учење. Кредитот му се доделува на студентот и се регистрира во неговото досие кога ќе ја исполни студиската обврска.

„Кредит систем" е систем за акумулирање и трансфер на кредити врз основа на транспарентноста на резултатите од учењето, и процесите на учење во високото образование.

„Кредит трансфер систем" е заедничка процедура што се воспоставува според Европскиот кредит трансфер систем - ЕКТС или Европски систем на пренос и акумулација на поени (англиски: European Credit Transfer System) и претставува нумерички систем за квалитативно вреднување на работата на студентите што била вложена за стекнување знаења, вештини и компетенции што се предвидени со програмата за студирање, односно со конкретниот предмет во рамките на таа програма, ги опфаќа поените за совладување на предметот во целина, сите предмети во еден семестар, академската година и целокупното студирање и нивен пренос од една на друга високообразовна установа.

**Член 5**

Кредитна рамка претставува систем кој овозможува мерење и споредба на образовни излези остварени во контекст на различни квалификации, студиски програми и окружувања за учење, врз база на студентското оптоварување мерено во време.

**Член 6**

Кредитите се распределуваат за целата квалификација или студиска програма, како и на нејзините образовни компоненти (како што се: модули, предметни единици, работа на дисертација, работни активности и лабораториска работа). Бројот на кредити што се распределува на секоја компонента се заснова на нејзината тежина во однос на оптовареноста која ја има студентот за да ги постигне бараните образовни излези што се потврдува низ системот на следење и вреднување на постигнувањата на студентите.

На изборните модули и предмети им се определуваат кредити според истите критериуми како и на задолжителните.

**Член 7**

Кредитите им се доделуваат поединечно на студентите (редовни или вонредни) по завршување на активностите предвидени со студиската програма или со посебна образовна компонента и по успешното утврдување на постигнатите резултати од учењето. Кредитите се собираат со цел да се стекне квалификацијата која е предвидена со студиската програма.

## Видови кредити

**Член 8**

Видот на кредит претставува индикатор за статусот на предметната програма/курсната единица или модулот во студиската програма. Кредитот може да биде:

- клучен/Core (основна, главна курсна единица),
- поврзувачки/Related (единица која обезбедува инструменти/поддршка) или
- второстепен/Minor (факултативна курсна единица).

## Образовни излези и компетенции

**Член 9**

Образовни излези, се сетови компетенции кои одразуваат што студентот ќе знае, ќе разбира или ќе може да направи по завршувањето на еден процес на учење, без оглед на неговото траење и можат да се однесуваат на студиски период, поединечна курсна единица или модул.

Образовните излези, мора да се проследени со соодветни критериуми за оценување кои се користат за оценка дали очекуваните образовни излези се постигнати.

**Член 10**

Образовните излези, заедно со критериумите за оценување ги специфицираат барањата за доделување на кредит, додека давањето поени се базира на постигања над или под барањата за доделување на кредит. Акумулацијата и трансферот на кредити се возможни ако постојат јасни образовни излези кои прецизно ги дефинираат постигнувањата за кои треба да се додели кредит.

Образовните излези ги специфицираат барањата за доделување на кредити, додека фактичките компетенции со кои се стекнал студентот можат да ги надминат предвидените образовни излези.

**Член 11**

Компетенции се динамични комбинации на когнитивни и мета когнитивни вештини знаења и умеења, интелектуални и практични вештини, етички вредности и ставови. Основна цел на студиските и предметните програми е градење и унапредувањето на компетенциите.

Компетенциите може да бидат предметно-специфични или генерички. Тие се развиваат во различните модули/курсни единици и се оценуваат во сите фази на усвојување на предметната/студиската програма.

**Вреднување на студиски програми за регулирани професии**

**Член 12**

Високото образование се остварува преку реализација на академски и стручни студии врз основа на акредитирани студиски програми.

Академските студии ги оспособуваат студентите за градење академска и професионална кариера преку стекнување академски и стручни високообразовни квалификации.

Стручните студии ги оспособуваат студентите за градење професионална кариера преку стекнување стручни високообразовни квалификации согласно пазарот на трудот.

Студиските програми за стекнување на високо образование се распоредуваат во три циклуси на високото образование.

Студии на прв циклус се: 1. прв циклус на академски студии (додипломски студии) и 2. прв циклус на стручни студии.

Студии на втор циклус се: 1. втор циклус на академски студии (постдипломски студии) и 2. втор циклус на стручни студии

Студии на трет циклус на академски студии се докторски студии.

Секој циклус на студиите завршува со стекнување на одреден назив во согласност со Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации.

Одредени студиски програми можат да се реализираат интегрирано низ првиот и вториот циклус.

Секој циклус на студии мора да биде во согласност со европскиот кредит трансфер систем на пренос и акумулација на кредити (во натамошниот текст: ЕКТС), според кој за

една година на студии се стекнуваат 60 ЕКТС кредити.

Високообразовните квалификации се запишуваат во Регистерот на Националната рамка на квалификации согласно Законот за националната рамка на квалификации.

**Вреднување на студиски програми со кредити по ЕКТС**

**Член 13**

Првиот циклус на академски студии (додипломски студии) трае три или четири години и со неговото завршување се стекнуваат 180, односно 240 ЕКТС кредити.

Студиите од втор циклус на академски студии - постдипломските студии се организираат како студии кои траат една, односно две години и со нивното завршување се стекнуваат 60 односно 120 ЕКТС кредити.

На студиска програма од постдипломски студии која трае една година и со која се стекнуваат 60 ЕКТС кредити може да се запише само лице кое завршило додипломски студии во траење од најмалку 4 години со кои се стекнуваат најмалку 240 ЕКТС кредити.

Вкупниот број на кредити кои се стекнуваат на додипломските и постдипломските академски студии изнесуванајмалку 300 ЕКТС кредити.

Докторските студии траат најмалку три години и носат најмалку 180 ЕКТС кредити. Со јавната одбрана на докторскиот труд се стекнува научен назив доктор на науки (бг.sc. P№) односно доктор по уметности (бг.аг!).

Докторските студии можат да се запишат по зав- ршувањето на соодветни студии од вториот циклус на академски студии со стекнати најмалку 300 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски сгудии) збирно. Со студиската програма на докторските студии може да се предвиди и дека потребниот број на ЕКТС кредити за запишувањето на таа студиска програма изнесува 360 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски студии) збирно. Универзитетот може да постави и други услови за упис на докторски студии.

Универзитетот со општ акт го уредува стекнувањето на ЕКТС кредити на докторските студии и ги пропишува ЕКТС кредитите потребни за пријава на докторски труд.

Стручните студии од прв циклус траат три години и со нивно завршување се стекнуваат 180 ЕКТС кредити, освен ако со овој закон не е поинаку одредено.

Во рамките на првиот циклус на стручни студии можат да се реализираат и кратки стручни студиски програми со 60 до 120 ЕКТС кредити.

Со завршување на стручните студии од 60 до 120 ЕКТС кредити се стекнува соодветен стручен назив, во согласност со закон.

Со завршување на стручните студии со 180 ЕКТС кредити се стекнува диплома со додавка на соодветната струка, ако со закон поинаку не е уредено.

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на првиот циклус на стручни студии припаѓаат на нивото VI Б за тригодишните стручни студии од прв циклус, односно на нивото V А за кратки стручни студиски програми од прв циклус со 60 до 120 ЕКТС кредити од Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации и соодветствуваат на ниво VI, односно ниво V од Европската рамка на високообразовни квалификации.

Универзитетите и високите стручни школи можат да организираат стручни студии од втор циклус за лица кои завршиле соодветни студиски програми од прв циклус на

стручни, односно академски студии. Стручни студии од втор циклус се организираат како студии кои траат една година и со нивното завршување се стекнуваат 60 ЕКТС кредити.

Вкупниот број на кредити кои се стекнуваат на прв и на втор циклус стручни студии изнесува 240 ЕКТС кредити.

Студиската програма од втор циклус на стручни студии од 60 ЕКТС задолжително содржи обврска за изработка на специјалистички труд, како завршен дел на студиската програма од втор циклус на стручни студии.

Завршниот дел на студиската програма од втор циклус од 60 ЕКТС на стручни студии од областа на уметностите се состои од јавна изведба/прикажување на уметничко дело или изложба.

Посебните услови за втор циклус стручни студии од областа на уметноста ги пропишува високообразовната установа со посебен акт.

**Пренесување на кредити**

**Член 14**

Кредитите можат да се пренесуваат од една на друга иста, слична или различна студиска програма во рамките на Универзитетот, односно од еден на друг универзитет, односно од една на друга самостојна високообразовна установа.

Пренесувањето на кредитите од една на друга студиска програма се реализира преку признавање на кредити од една на друга предметна програма. На Универзитетот признавање на кредити од една на друга предметна програма се врши ако постои совпаѓање на предметните програми од најмалку 70% и ако студентот се стекнал со потребните образовни компетенции, што се потврдува со позитивна завршна оценка.

**Оптоварување на студентот**

**Член 15**

Во рамките на најмногу 40 недели годишно, вкупното оптоварување на студентите за една студиска година изнесува од 1600 часа годишно (еден час = 60 мин.). Вкупното неделно оптоварување на студентот за дадена студиска програма е 40 часа.

Еден кредит соодветствува на 30 часа вкупно оптоварување на студентот.

Под вкупно оптоварување на студентите се подразбира вкупното време кое му е потребно на студентот за постигање на образовните излези кои ги содржи дадена студиска програма.

Вкупното оптоварување на студентите се добива со собирање на времињата потребни за реализирање на одредени видови активности, и тоа:

- времето V1 за предавања во часови потрошено со примена на методот "ex cathedra" – EC, кое се смета така што еден час предавања соодветствува на еден час оптоварување на студентот,
- времето V2 за предавање во часови потрошено со "case" методот – CB, кое се смета така што еден час предавања соодветствува на 1,5 часа оптоварување на студентот,
- времето V3 за изложување на наставникот/асистентот потрошено за изложување на начинот на подготовка и изработка на семинарска работа – S1, кое се смета така што еден час на семинарот соодветствува на еден час оптоварување на студентот,

- времето V4 за презентација на изработените семинарски работи на сите студенти од наставната група – K1, кое се смета така што еден час презентации соодветствува на еден час оптоварување на студентот,
- времето V5 потребно за изработка на семинарска работа за теориските програмски содржини (што вклучува и PowerPoint презентација) – S2, кое се смета како 25 часа оптоварување на студентот,
- времето V6 потребно за изработка на семинарска работа како проект (што вклучува и PowerPoint презентација) – P, кое се смета како 35 часа оптоварување на студентот,
- времето V7 потребно за изработка на семинарска работа како информатички проект (што вклучува и PowerPoint презентација) – IP, кое се смета како 40 часа оптоварување на студентот,
- времето V8 потребно за подготовка на изложување на семинарска работа со теориски програмски содржини – K2, кое се смета како 5 часа оптоварување на студентот,
- времето V9 потребно за подготовка на изложување на семинарска работа изработена како проект или информатички проект – K3, кое се смета како 10 часа оптоварување,
- времето V10 потребно за подготовка колоквиум од: математика, статистика, нумерички методи, економетрија, квантитативни методи, теорија на алгоритми и слично – K4, кое се смета како 40 часа оптоварување на студентот,
- времето V11 потребно за подготовка на колоквиуми со теориски програмски содржини – K5, кое се смета како оптоварување по еден час за 10 страници за учење,
- времето V12 потребно за подготовка на колоквиуми со теориски програмски содржини во кои е вклучена и збирка примери од праксата – K6, кое се смета како оптоварување по еден час за 8 страници за учење,
- времето V13 потребно за подготовка на колоквиум по странски јазик – K7, кое се смета како оптоварување по еден час за 8 страници учење,
- времето V14 потребно за реализирање на спортски активности – SP, кое се смета така што еден час спортување соодветствува на еден час оптоварување на студентот.

**Доделување на кредити**

**Член 16**

Кредити се доделуваат за сите образовни компоненти на една студиска програма (модули, курсеви, практикуми, дисертации и друго) и го одразуваат квантитетот на работа кој се бара во секоја компонента, за да се остварат нејзините специфични цели или образовни излези, во однос на вкупната количина на работа потребна успешно да се заврши една студиска година.

**Член 17**

Кредити се доделуваат за сите видови студиски програми, без оглед на нивната должина, состав или природа.

**Член 18**

Ист модул кој се користи во различни студиски програми во рамките на истата институција носи ист број кредити за сите студенти.

**Член 19**

Доделувањето на кредити на различни компоненти на студиската година се реализира согласно проценките за оптоварувањата на студентите дадени во став 4 од член 15, при што бројот на кредитите за секоја компонента на студиската програма се пресметува според формулата:

$$30K = EC \cdot V1 + CB \cdot V2 \cdot 1{,}5 + S1 \cdot V3 + K1 \cdot V4 + S2 \cdot V5 + P \cdot V6 + IP \cdot V7 + K2 \cdot V8 + K3 \cdot V9 + K4 \cdot V10 + K5 \cdot V11 + K6 \cdot V12 + K7 \cdot V13 + SP \cdot V14.$$

**Член 20**

Кредитите во ЕКТС можат да се стекнат само со успешно завршување на поставените задачи и соодветно оценување на постигнатиот образовен излез.

Условите што треба да ги исполни студентот за успешно завршување на предметната програма се содржани во самата програма.

**Напредување на студентот низ студиската програма**

**Член 21**

Студентот напредува во текот на студирањето, односно запишува предмети преку бројот на остварените кредити (бодови). По правило студентот запишува 30 кредити по семестар, но може да запише број на предмети кои носат минимум 20 кредити (бода), но не повеќе од 48 кредити (бода) во семестар за првиот и вториот циклус на студии (Види образец 1 за запишување на креити по семестри во прва и втора година)

**Член 22**

Студентот може да премине од една на друга студиска програма во рамките на единицата на Униврзитетот најрано при запишувањето предмети од третиот семестар. Почнувајќи од третиот семестар студентите можат паралелно да запишат предмети од друга студиска програма заради нејзино совладување со тоа што вкупниот број на кредити од двете студиски програми не смее да го надмине бројот 48 кредити (бода) во семестар за првиот и вториот циклус на студии.

После успешното совладување на двете студиски програми студентот добива две дипломи.

**Член 23**

Студентот има право, во текот на студирањето, да запише предметни програми кои не се задолжителни за стекнување на определениот степен на стручна подготовка со студиската програма на која студентот е запишан со тоа што ќе се почитува одредбата за минимумот и максимумот на бројот на кредити кои можат да се запишат, а овие предмети ќе бидат внесени во додатокот на дипломата.

**Член 24**

Студентот кој запишува непарен семестар во тој семестар:

- Задолжително повторно ги запишува сите или дел од предмети (кредити) кои не ги положил заклучно со септемврискиот испитен рок од претходниот, односно претходните непарни семестри. (види образец 1)

- Запишува нови предмети (кредити) од наредниот, односно наредните непарни семестри според студиската програма. При тоа прво се запишуваат нови задолжителни предмети, а потоа нови изборни предмети.

- Ако студентот веќе ги положил сите предмети од претходниот непарен семестар, тогаш сите предмети се нови предмети од наредниот, односно редоследно наредните непарни семестри.

- Студентот заради побрзо напредување доколку има просек над 9.0, инклузивно имаат право дополнително да запишат два предмети од идниот непарен семестар доколку не се поврзани со клучеви.

**Член 25**

Студентот кој запишува парен семестар во тој семестар ќе запише:

- Задолжително повторно ги запишува сите или дел од предмети (кредити) кои не ги положил заклучно со февруарскиот испитен рок од претходниот, односно претходните парни семестри. (види образец 1)

- Запишува нови предмети (кредити) од наредниот, односно наредните парни семестри според студиската програма. При тоа прво се запишуваат нови задолжителни предмети, а потоа нови изборни предмети.

- Ако студентот веќе ги положил сите предмети од претходниот, односно претходните парни семестри, тогаш сите предмети се нови предмети од наредниот, односно редоследно наредните парни семестри.

- Студентот заради побрзо напредување доколку има просек над 9,00, инклузивно имаат право дополнително да запишат два предмети од идниот непарен семестар доколку не се поврзани со клучеви.

**Член 26**

Студентите кои повторно запишуваат предмети, смеат да запишат нов предмет кој според студиската програма условува претходно полагање на предметот кој повторно се запишува, но полагањето на предметите мора да е редоследно.

**Член 27**

Евиденцијата на предмети кои се запишуваат, податоците дали се тоа повторно запишани предмети или нови предмети, како и висината на школарината се врши преку пополнување пријави - образец број 1 од страна на студентите при запишување на предметите.

Точноста на податоците во пријавата со свој потпис ја потврдуваат администраторот – референтот на студиски прашања.

**Член 28**

Плаќањето на школарина при запишувањето на семестарот се одредува според запишаните кредити. Пресметката се врши на начин што школарината, односно износот за финансирање се дели со бројот на кредити за една студиска година, односно со 60 и така добиениот износ се множи со бројот на запишаните кредити на нови предмети.

Студентите кои повторно запишуваат предмет, плаќа школарина по основ на кредити, а вредноста на кредитот е определува Органот на основачот.

**Член 29**

Одредбите од ова поглавје што се однесуваат на начинот на доделување кредити и напредувањето низ студиските програми соодветно ќе се применуваат и на студиските програми од вториот циклус на студии.

**ЕКТС кредити и пракса**

**Член 30**

Задолжителната пракса и/или стажирање се дел од очекуваните резултати од учењето и оптовареноста и за нив може да се доделуваат кредити.

Бројот на кредити што се доделува за праксата или стажирање треба да биде вклучен во склоп на севкупниот број на кредити, согласно акредитираната студиска програма за одредена академска година.

Кредитите за праксата се доделуваат само кога ќе се постигнат и оценат резултатите.

**Член 31**

Во случај кога праксата е дел од организирана мобилност (на пример, Еразмус програмата), бројот на кредити кој ќе се добие доколку се постигнат очекуваните резултати од учењето е составен дел од Договорот за студирање - пракса (види Анекс 1).

**Член 32**

Во случај на пракса за време на формалниот процес на студирање, а која не е услов за програмата, со Договорот за студирање се дефинираат резултатите од учењето и оптовареноста. Резултатите од учењето кои се постигнати преку незадолжителна пракса се запишуваат во Уверението за положени испити на студентот (види Анекс 2), Додатокот кон дипломата (види Анекс 3) или Еуропас документот за мобилност. Овие резултати може да бидат признаени преку доделување на ЕКТС кредити кои во овој случај се дополнителни на стандардните 60 ЕКТС кредити за академска година.

**Структуирање на кредитите во студиската програма**

**Член 33**

Бројот на кредитите што студентот треба да го оствари за да се здобие со одредена стручна подготовка за дадена студиска програма по циклуси на студирање е:

- за еден семестар 30 кредити
- за една година 60 кредити

Факултетите кои заради специфичноста на студиите, не можат да го применат став 1 од овој член, можат да утврдуваат и поголем фонд на кредити, но со запазување на соодносот помеѓу кредитите утврден во претходниот став.

**Член 34**

На изборните предмети им се доделуваат кредити според истите критериуми како и на задолжителните предмети.

Соодносот помеѓу задолжителните и изборните предмети на акредитираните студиски програми пред стапување на сила на Законот за високо образование (Службен весник бр. 82/2018) изнесува:

- задолжителни предмети – најмногу до 60% од вкупниот фонд;
- изборни предмети кои студентите ги избираат од редот на наставните предмети застапени на единицата на универзитетот – најмногу до 30% од вкупниот фонд;
- изборни предмети кои студентите ги избираат од листа на слободни изборни предмети предложена од секоја единица на универзитетот посебно – најмногу до 10% од вкупниот фонд.

Изборните наставни предмети за сите нови акредитации на студиските програми согласно новиот Законот за високо образование (Службен весник број 82 од 08.05.2018 година) ќе чинуваат најмалку 10% а најмногу 30% од бројот на ЕКТС кредитите во студиската програма

Збирот на ЕКТС кредитите на предметите кои се застапени на листата на изборни наставни предмети на студиската програма е најмалку двојно поголем од бројот на ЕКТС кредити предвидени во наставната програма за изборните наставни предмети.

Секој од наставните предмети на листата на изборни наставни предмети задолжително носи еднаков број на ЕКТС кредити.

**ЕКТС скала за оценување**

**Член 35**

Оценувањето на постигнувањата на студентите се базира врз ЕКТС скала за оценување.

ЕКТС скалата за оценување се прави врз рангот на студентот при определено оценување, односно, врз тоа каков успех студентот покажал во споредба со другите студенти при определено оценување.

**Член 36**

ЕКТС системот за оценување ги дели студентите на две групи:

- студенти кои положиле и
- суденти кои не положиле.

Студентите кои положиле се делат на пет групи, при што рамковно определени групите се:

- најдобри 10%, кои добиваат оценка 10,
- следни 25%, кои добиваат оценка 9,
- следни 30%, кои добиваат оценка 8,
- следни 25%, кои добиваат оценка 7 и
- следни 10%, кои добиваат оценка 6.

Студентите кои не положиле се делат на две групи:

- не положил и е потребно уште работа пред да се доделат кредити, и
- не положил и е потребно уште многу работа пред да се доделат кредити.

**ЕКТС координатори**

**Член 37**

На Универзитетот и на факултетите се определуваат ЕКТС координатори.

**Член 38**

**Органи и тела за спроведување на ЕКТС и начин на водење на евиденција**

**Член 39**

За примена и следење на одредбите од Правилникот на Универзитетот "ФОН"-СКОПЈЕ за единствените основи на ЕКТС на Универзитетот се определуваат:
- координатор за ЕКТС на ниво на Универзитет;
- координатор за ЕКТС на ниво на единица на Универзитетот;
- администратор на ЕКТС на ниво на Универзитетот - раководителот на студенски прашања и
- администратор на ЕКТС на ниво на единица на Универзитетот – референт на студенски прашања задолжен за единица на Универзитетот;

Координаторот на ЕКТС на ниво на Универзитетот по предлог на Ректорот го бира Сенатот на Универзитетот за време од 4 учебни години со право на реизбор.

Координаторот на ЕКТС на ниво на Единица на Универзитетот по предлог на Деканот, го бира ННС за време од 4 учебни години, со право на реизбор.

**Член 40**

Координаторот на ЕКТС на ниво на Универзитетот за својата работа е одговорен пред Ректорот и Сенатот на Универзитетот.

Координаторот на ЕКТС на ниво на Единица на Универзитетот за својата работа е одговорен пред деканот на Единицата на Универзитетот и на Наставно-научниот совет на Единицата на Универзитетот.

Координаторот на ЕКТС на ниво на Универзитетот на предлог на Ректорот може да биде разрешен и пред истекот на времето за кое е избран, по кој предлог одлучува Сенатот на Универзитетот.

Координаторот на ЕКТС на ниво на Единица на Универзитетот на предлог на Деканот може да биде разрешен и пред истекот на времето за кое е избран, по кој предлог одлучува Наставно-научниот совет на Единицата на Универзитетот.

Администраторот на ЕКТС на Универзитетот, односно на единица на Универзитетот е од редот на вработените во стручната служба на Универзитетот, односно единицата, согласно со Правилникот за систематизација на работните места.

**Член 41**

Универзитетскиот координатор ги следи и ги евидентира академските и административните аспекти на кредит трансфер системот на универзитетско ниво и остварува активна соработка со претставници на студентите, а воедно се грижи за:

- обезбедување континуирана ангажираност на Универзитетот во спроведувањето на принципите и механизмите на ЕКТС;

- контрола на механизмите за правилна употреба на ЕКТС и трансферот и акумулацијата на кредити;

- обезбедување координација и поддршка на координаторите на единиците на Универзитетот;

- координирање на подготовката, изработката, достапноста и промоцијата на информативниот пакет на Универзитетот;

- информирање за можностите за мобилност на студентите;

- информирање на органите на Универзитетот за активностите поврзани со имплементацијата на ЕКТС;

- ја иницира и учествува во постапката за склучување на договор за соработка од член 48 став 3 од овој Правилник;

- врши и други работи во согласност со Закон, Статутот на Универзитетот и овој Правилник.

**Член 42**

Координаторот на единицата на Универзитетот ги врши следниве работи:

- ги следи обврските на единицата на универзитетот во спреведувањето на принципите и механизмите на ЕКТС;

- го промовира ЕКТС во единицата на универзитетот и надвор од неа;

- дава поддршка на практичното спроведување на ЕКТС;

- ги координира активностите во процесите на: приготвување, продукција и дистрибуција на пакетите на информации за соодветниот единици на универзитет;

- ги информира студентите за ЕКТС и дава совети за постапката на избор на кредити;

- им помага на студентите во пополнувањето на ЕКТС формуларите;

- помага на студентите при избирање на факултативните и зборните предмети;

- помага при преминувањето на студентот од една на друга студиска програма;

- по функција е претседател на Комисијата за признавање на испити;

- остварува комуникација и соработка со координаторите на другите единици на универзитет во сите фази од имплементацијата на ЕКТС;

- дава согласност за промена на изборна предметна програма во кординација со референт на студенски прашања задолжен за единица на универзитетот, доколку студентот претходно не полагал колоквиум или испит на предметната програма за која бара промена;

- обезбедува остварување на универзитетски, национални и меѓународни контакти;

- информирање за можностите за мобилност на студентите;

- информирање на органите на единицата на универзитетот за активностите поврзани со имплементацијата на ЕКТС;

- поднесува годишен извештај за реализацијата на ЕКТС на Единицата до ННС, и до координаторот за ЕКТС на Универзитетот во рок од еден месец по завршувањето на академската година; и

- врши и други работи во согласност со Закон, Статутот на Универзитетот, овој Правилник.

**Член 43**

Администраторот на ЕКТС на Универзитетот - раководителот на Студенската служба, ги координира и контролира административните работи поврзани со правилата за студирање според ЕКТС и непосредно раководи со сите администратори на ЕКТС на ниво

на единиците на универзитетот - референте на студенски прашања задолжен за единиците на универзитетот .

Во својата работа администраторот, тесно соработува со генералниот секретарот на универзитетот и кординаторот на ниво на универзитет и координаторите на единиците на универзитетот задолжени за спроведување на ЕКТС.

Врши и други работи во согласност со Законот, Статутот на Универзитетот и овој Правилник

**Член 44**

Администраторот на ЕКТС на единицата на универзитетот – референт на Студенската служба задолжен за единица на универзитетот, ги координира и контролира административните работи поврзани со правилата за студирање според ЕКТС на ниво на единицата.

Врши контрола над работата во врска со запишувањето на нови наставни дисциплини и број на кредити заедно со кординаторот на ЕКТС на ниво на единица на универзитетот.

Води финансиска контрола за запишаните наставни дисциплини и кредити.

Врши контрола на евиденцијата на освоените кредити по сите основи во досието на студентот.

Во својата работа администраторот тесно соработува со деканот на единицата на универзитетот, Администраторот на ЕКТС на Универзитетот – раководителот на студенски прашања, генералниот секретарот на Универзитетот и координаторите на ЕКТС на сите нивоа.

За секој евентуален проблем или дилема во примената на ЕКТС, администраторот е должен да го извести деканот на единицата на универзитетот и координаторот на единицата на универзитетот за ЕКТС.

Врши и други работи во согласност со овој Правилник.

**Член 45**

Студентот има право да бара мислење и дополнителни информации од координаторите за сите прашања во врска со правилата за студирање според ЕКТС.

Доколку настане проблем или дилема во толкувањето или примената на правилата на ЕКТС, координаторот на ниво на единицата на Универзитетот во консултација со генералниот секретарот и деканот на единицата на Универзитетот предлагаат решение за настанатите проблеми, односно по потреба се консултираат со координаторот на ЕКТС на ниво на универзитетот.

Конечно решение во врска со истото донесува деканот на ниво на единицата на Универзитет.

**Член 46**

Во текот на студирањето, за секој студент се води досие кое содржи:

- личен картон кој се води за секој студент од започнување на студиите до завршување на студиите односно до отпишувањето;
- записник за испитот со кој се евидентира пријавата кон испитот, текот на испитот и постигнатата оценка;
- избраната студиска програма;
- бројот и видот на предметните програми;

- формулар со податоци од постигнатите резултати и бројот на освоените кредити по поодделните предметни програми и

- евиденција на издадени документи за завршени студии.

Евиденциите од ставот 1 точки 1 и 6 на овој член опфаќаат: име и презиме на студентот (за студентките и моминското презиме), пол, датум, место и дата на раѓање, држава на раѓање, живеалиште или претстојувалиште, единствен матичен број на граѓанинот, државјанство, претходно стекнато образование, начин на студирање како и други податоци по посебни прописи. Евиденцијата од ставот 1 точка 1 на овој член опфаќа и податоци за положени испити, за напредувањето и завршувањето на студиите.

Евиденцијата од ставот 1 точка 2 на овој член опфаќа: име и презиме на студентот, (за студентките и моминското презиме), пол, единствен матичен број на граѓанинот, начин на студирање, година на студирање и студиска година на првиот упис, датум на испитот, податоци за тоа дали испитот го полага прв пат или го повторува, како и оценка добиена на испитот.

Одредбите во врска со водењето, употребата и чувањето на личните податоци од евиденциите по закон се користат и за документацијата, врз основа на која биле собрани личните податоци.

Документите за претходното образование по завршената уписна постапка му се враќаат на студентот.

**Член 47**

Носителот на предметната програма е должен пред почетокот на семестарот до координа-торот на ЕКТС на ниво на Единицата да достави план за реализација на предметната програма (Силабас).

Носителот на предметната програма е должен да води евиденција за реализацијата на програмата, и посебно за активностите и резултатите на студентите.

**Член 48**

На Единицата на Универзитетот се формира Комисија за утврдување на успешното завршување на студиите потребно за стекнување одреден степен на стручна подготовка.

Комисијата ја сочинуваат: деканот, генералниот секретат и надлежниот референт односно администраторот на ЕКТС.

Референтот го подготвува уверението за положени испити врз основа на евиденцијата од досието на студентот, генералниот секретар ја контролира работата на референтот, а деканот на единицата на универзитет го потпишува уверението.

**Хоризонтална мобилност во рамките на Универзитетот**

**Член 49**

Во согласност со студиската програма студентот може да запишува предмети /модули од други универзитетски студиски програми на истата и/или друга единица во рамките на универзитетот.

Запишувањето на предметите/модулите студентот може да го врши само со одобрение од деканот на факултетот, а по претходен предлог на ЕКТС координаторот на единицата на универзитетот, како и со согласност со кординаторот на ЕКТС

координаторот на единицата на кој се изведува избраната студиска програма и носителот на преметот/модулот.

Одобрението се дава со посебна потврда во која се наведува називот на преметот/модулот и неговата кредитна вредност (број на ЕКТС поени). Бројот на кредитите на предметот/модулот е еднаков на бројот на кредитите кои тој предмет ги има во студиската програма во која се изведува.

Остварените ЕКТС кредити се признаваат како да се остварени во рамките на матичните студии (студиската програма на која е запишан студентот).

Образецот на потврдата за хоризонтална мобилност на студентите ја пропишува Универзитетот.

Секоја единица на Универзитетот пред започнувањето на академската година објавува листа на предмети/модули со наведени влезни компетенции кои можат да ги запишуваат студентите кои студираат на друга единица во рамките на универзитетот.

Бројот на студенти кои можат да запишат поедини предмети/модули е ограничен со капацитетите на единицата, и за тој број одлучува деканот по предлог на носителот на предметот/модулот.

Предметот/модулот кој студентот го следи на друга единица се запишува во неговиот електронски индекс. Носителот на предметот/модулот го потврдува исполнувањето на обврските од страна на студентот со запишување на ЕКТС кредити, оценка и своерачен потпис во електронскиот индексот на студентот.

**Меѓууниверзитетска мобилност на студентите**

**Член 50**

Размената на студенти помеѓу универзитетот и други универзитети во земјата и странство се уредува со општ актите на Универзитетот.

**Премин од една на друга студиска програма во рамки на универзитетот**

**Член 51**

Во текот на студиите, студентот може да премине од една на друга студиска програма на Универзитетот, под услови утврдени со студиската програма и актите согласно кој се изведува новата програма.

Студент кој бил запишан на факултет кој престанал со работа има право да ги продолжи студиите на Универзитетот на иста или сродна студиска програма, под условите утврдени со закон и овој Правилник.

**Премин во рамките на ист факултет**

**Член 52**

Студентот може да премине од една на друга студиска програма во рамките на ист факултет во состав на Универзитетот. Критериумите за премин ги определува факултетот, во зависност од компатибилноста на студиските програми.

**Премин од една на друга единица**

**Член 53**

Студентот може да премине од еден на друг факултет при Универзитетот. Критериумите за премин ги определува факултетот на кој се врши премин, во зависност од компатибилноста на студиските програми.

**Премин на студиска програма на друг универзитет**

**Член 54**

Универзитетот и единиците во негов состав, во соработка со универзитетите и високообразовните установи во земјата и во странство, утврдуваат премин на студиска програма согласно со одредбите од овој Правилник.

Единиците на Универзитетот, при подготвувањето на студиските и предметните програми, треба да овозможат нивна институционална, национална и интернационална компатибилност, и создавање услови за премин на студентот од една на друга студиска програма во рамките на единицата на Универзитетот, односно научниот институт, како и услови за премин од една на друга единица на Универзитетот, односно научен институт во состав на Универзитетот, услови за премин на друга единица на Универзитетот, односно научен институт, надвор од Универзитетот, во случаите кога постојат единици, кои продуцираат ист или сличен профил на стручни кадри, како и услови за премин на студентот на универзитети во странство.

Компатибилноста од претходниот став на овој член не претставува идентичност, туку усогласеност на студиските и предметните програми меѓу две установи кои продуцираат исти или слични профили на стручни кадри.

Самостојниот проект, дипломски труд, завршен проект, специјалистички труд, магистерски труд, докторски труд, соодветно на зголемената ангажираност можат да носат и повеќе кредити.

**Признавање и ослободување од испити при премин на студентот од една на друга универзитетска единица**

**Член 55**

ЕКТС не гарантира автоматско академско признавање.

Институцијата која го доделува звањето решава кои кредити ги признава за определена програма.

Признавањето на еден или повеќе предмети/модули е задолжително во случај на договорена студентска мобилност, ако постои претходен Договор за студирање помеѓу матичната институција, институцијата каде студентот престојува и студентот.

За минималниот број на кредити кои мора да се обезбедат одлучува институцијата која го доделува звањето во рамките на својата законска рамка.

**Прием на нови студенти преку кредитни поени**

**Член 56**

Условите и критериумите за упис на нови студенти на прв, втор и трет циклус на студии преку кредитни поени ги утврдува факултетот носител на студиската програма,

согласно со одредбите од овој Правилник и Правилникот за единствените основи за запишување и организирање на студиски програми од прв и втор циклус на студии и Правилникот за единствените основи за запишување и организирање на студиски програми од трет циклус на универзитетски студии на Универзитетот.

За студентите кои по пат на префрлување од друга високообразовна институција, студиите ги продолжуваат на ФОН Универзитетот, Комисијата за признавање испити со посебно решение ги определува признатите предмети од другата или другите образовни институции каде што предходно студентот студирал.

**Член 57**

При преминот од еден во друг факултет, односно научна установа, студентот се ослободува од полагањето, односно од следењето настава по одделни предмети, доколку установите помеѓу кои се врши преминот имаат склучено договор за меѓусебна соработка, или со дозвола од установата на која се преминува, врз основа на претходен увид во содржините и бројот на кредитите за соодветните предмети, односно испити, што студентот ги добил во установата од која доаѓа.

**Член 58**

Признавањето на испити го врши комисија од три члена формирана од Наставно – научниот совет на секоја единица, со која претседава координатор на ЕТКС од единицата, а другите два члена се од редот на наставниците и соработниците на факултетот.

Комисијата работи на седници, а одлучувањето го нотира во записник.

Демонстратор се избира за период од една учебна година, со право да биде реизбран уште два пати на истиот факултет. Предлогот за избор на лицето го дава предметниот наставник, а одлуката ја носи Наставно-научниот совет на факултетот.

## II. УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊА

### Општи услови за избор во наставно - научни звања

**Член 5**

Во наставно - научно звање **доцент** може да биде избрано лице кое:

- има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус,
- има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира,
- има објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор,
- има познавање на најмалку еден странски јазик, определен со овој Правилник
- има способност за изведување на високообразовна дејност.

**Член 6**

Во наставно-научно звање **вонреден професор** може да биде избрано лице кое:

- има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус,

- има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира,

има објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација во последните пет години пред објавување на конкурсот за избор,

- било претходно избрано во наставно-научно звање доцент и

- има способност за изведување на високообразовна дејност.

Одредбата од алинеа 1 од претходниот став на овој член не се однесува на лица избрани во звање доцент или вонреден професор и на лица избрани во соработничко звање.

**Член 7**

Во наставно-научно звање **редовен професор** може да биде избрано лице кое:

- има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус,

- има научен степен доктор на науки од соодветната област,

- има објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација во последните пет години пред објавување на конкурсот за избор,

- да бил претходно избран во звање вонреден професор,

- има објавен рецензиран учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира (овој услов ќе се применува по 16 мај 2021 година) и

- има способност за изведување на високообразовна дејност.

Одредбата од алинеа 1 од претходниот став на овој член не се однесува на лица избрани во звање доцент или вонреден професор и на лица избрани во соработничко звање.

**Посебни услови за избор во наставно-научни звања**

**Член 8**

За избор во сите наставно-научни звања, кандидатите треба да исполнуваат и најмалку два од следните услови:

- членство во домашни или меѓународни стручни или научни асоцијации во научната област во која се бира кандидатот;

- учество на меѓународни научни конференции;

- учество во комисии за одбрана на дипломски, специјалистички или магистерски трудови;

- придонес во создавање на наставно-научен подмладок;

- позитивна оцена од самоевалуацијата;

- учество во работни групи, комисии, тела или органи на факултетите и Универзитетот;

- учество во комисии или тела формирани од државните органи во сферата на науката и образованието;

- членство во уредувачки, програмски или организациони одбори на научни списанија или зборници на трудови во Р.Македонија или во странство;

- членство во организациониот или програмскиот одбор на меѓународни научни конференции;

- одржано гостинско предавање на друг универзитет во Република Македонија или странство.

**Член 9**

Кандидатот за избор во наставно-научно звање или соработничко звање, кога е тоа услов за избор согласно овој Правилник треба да познава еден од следните јазици: англиски, германски, француски, шпански, италијански или руски на ниво Б2 според Заедничката европска референтна рамка за јазиците. Ќе се смета дека кандидатот го исполнува овој услов ако предметниот јазик:

- го положил со оценка најмалку 8 (осум) во струката за време на прв или втор циклус студии на факултетот на кој студирал, што се потврдува со уверението за положени испити или;
- ако поседува потврда/цертификат за познавање странски јазик издадена од центар, катедра, филолошки факултет или друг универзитет во Република Македонија или
- важечки меѓународно признат сертификат за соодветните јазици – со резултат еквивалентен на нивото Б2.

Доказот за познавање на странски јазик кандидатот мора да го приложи во оригинал или заверена копија со пријавата и останатата документација кон конкурсот.

Кандидати со завршен прв или втор циклус студии од областа на филолошките науки на соодветната катедра за еден од наведените јазици во став 1, како и кандидати со завршен прв или втор циклус студии на Факултетот за странски јазици на кој се изучуваат наведените странски јазици (како јазик А или јазик Б), се смета дека го исполнуваат условот за познавање на странски јазик и се изземени од обврската да приложат потврда за познавање странски јазик.

**Член 10**

За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус, признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата, како и способност за наставна работа.

Услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите за избор за наставник по стручно уметнички предмети на Факултетот за дизајн и мултимедија може да бидат некои од следните:

- јавно изложување на уметнички/дизајндела и проекти на самостојни изложби и манифестации (самостојна изложба, модна ревија, аудио-визуелно дело, сценско-музичко дело, телевизиски проект и промоција);
- јавно изложување на уметнички/дизајн дела и проекти на групни изложби и манифестации;
- реализација на уметничко/дизајндело или проект (реализација на идеен проект е авторско или коавторско дело во уметничка или дизајн област реализиран во производство, материјал, објект или локација);
- чество или водење на уметнички или дизајн курсеви, проекти, семинари или тематски работилници во земјата и во странство;
- учество на домашни и меѓународни конкурси за уметнички/дизајн дела или проекти (индивидуално или на повик);

- учество во работата на жири комисии на домашни или странски изложби, конкурси и манифестации;
- награди и признанија за уметничко/дизајн дело или проект во земјата или во странство;
- објавени уметнички, дизајн, теоретски или наставни дела во земјата и странство (книги, стручна периодика).

За **уметнички соработник** може да биде избрано лице кое исполнува минимум 3 референци од наведена листа и искуство во струката од најмалку три години.

За **доцент** може да биде избрано лице кое исполнува минимум 7 референци од наведената листа од 2 различни категории.

За **вонреден професор** може да биде избрано лице кое исполнува минимум 7 референци од наведената листа од 3 различни категории.

За **редовен професор** може да биде избрано лице кое исполнува минимум 7 референци од 4 различни категории.

**Член 11**

Услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите за избор на наставник по стручно-уметнички предмети од областа на архитектурата може да бидат некои од следните:
- јавно изложување на архитектонски проекти на самостојни или групни изложби;
- идејно архитектонско решение;
- идејно урбанистичко решение;
- идејно решение за ентериер;
- идејно решение или реализација на елемент од мебел, урбана опрема или друг предмет;
- изработка на основен проект (архитектонски, урбанистички);
- учество во реализација на проект (станбени објекти, општествени објекти, индустриски објекти, урбанистички проекти, ентериер);
- учество на национални или меѓународни архитектонски или архитектонско-урбанистички конкурси;
- самостојно или групно јавно претставување на архитектонски и урбанистички дела со публикација;
- учество на светска архитектонска и урбанистичка манифестација со национално претставување;
- архитектонско-урбанистичко решение за партерни и амбиентални целини;
- куратор на изложба од областа на архитектурата и урбанизмот;
- признанија и награди во областа архитектура;
- учество или водење на архитекотнски (проектански или внатрешно уредување) курсеви, проекти, семинари или тематски работилници во земјата и во странство;
- учество во работата на жири комисии на домашни или странски на архитектонски изложби, конкурси и манифестации;
- објавени архитектонски, урбанистички, ентериерни, теоретски или наставни дела во земјата или во странство (книги, стручна периодика, монографија, труд, итн.);

За **уметнички соработник** од областа на архитектурата може да избрано лице кое исполнува минимум 3 референци од наведената листа и искуство во струката од најмалку три години.

За **доцент** од областа на архитектурата може да биде избрано лице кое исполнува минимум 4 референци од наведената листа од 2 различни категории.

За **вонреден професор** од областа на архитектурата може да биде избрано лице кое исполнува минимум 6 референци од наведената листа од 3 различни категории.

За **редовен професор** од областа на архитектурата може да биде избрано лице кое исполнува минимум 7 референци од наведената листа од 4 различни категории.

## Услови за избор во наставно - стручни звања

### Член 12

(1) За лектор може да биде избрано лице кое:

- има завршено студии од втор циклус на академски студии,
- има стекнато назив магистер од соодветната област,
- има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно и
- има наставно и практично искуство во полето во кое се избира.

(2) За виш лектор може да биде избрано лице кое:

- има завршено студии од втор циклус на академски студии,
- има стекнато назив магистер од соодветната област,
- има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно,
- има наставно и стручно искуство во областа во која се избира,
- било претходно избрано за лектор на високобразовна установа и има објавено најмалку два научни и/или стручни трудови во областа во која се избира.

(3) На лицата кои се избрани во наставно-стручно звање со заснован работен однос пред стапувањето во сила на овој Правилник, нема да се применуваат одредбите од ставот (1) алинеја 3 и ставот (2) алинеја 3, при нивниот избор во исто или повисоко наставно-стручно звање без оглед на која високообразовна установа се врши новиот избор.

## Услови за избор во насловни звања

### Член 13

Афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката, кои ги исполнуваат условите за избор во звања, а за кои нема слободно место за избор во наставно-научно звање можат да се избираат на универзитетот во звањето насловен доцент или насловен вонреден професор, според условите и постапката утврдени со овој Правилник, а кои важат за избор во наставно-научните звања доцент и вонреден професор.

Лицата избрани во насловни звања можат да учествуваат во вршење на високообразовна дејност најмногу до 30% од редовните обврски на соодветното наставно-научно звање. Видот и обемот на учеството на лицето избрано во насловно звање во вршењето на вискообразовната дејност го утврдува наставно-научниот совет, во согласност со општ акт на универзитетот.

Лицата избрани во насловни звања не можат да бидат ментори на магистерски или докторски трудови.

Лицето избрано во звањето насловен доцент или насловен вонреден професор може да врши високообразовна дејност само на универзитетот на кој го стекнало тоа звање.

Едно лице не може истовремено да биде избрано во насловно звање на повеќе од еден универзитет.

Доколку лицето кое било избрано во звањето насловен доцент или насловен вонреден професор на една високообразовна установа, биде избрано во наставно или наставно-научно звање и заснова работен однос на таа или друга високообразовна установа, изборот во насловно звање му престанува.

На лицето му престанува звањето насловен доцент или насловен вонреден професор на крајот од учебната година во која наполнило 67 години старост.

## Услови за избор во соработнички звања

### Член 14

(1) За асистент може да биде избрано лице кое:

- има завршено прв и втор циклус на академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити;
- има стекнато назив магистер од соодветната област.;
- има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно;
- има познавање на најмалку еден странски јазик.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, на високообразовните установи кои имаат студиски програми на интегриран прв и втор циклус на студии, за асистент може да биде избрано лице кое:

- има завршено интегриран прв и втор циклус на академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) или;
- има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно;
- има познавање на најмалку еден странски јазик.

(3) За уметнички и стручен соработник може да биде избрано лице кое:

- има завршено прв циклус на академски студии со најмалку 240 ЕКТС кредити од соодветната област;
- има искуство во струката од најмалку три години;
- има познавање на најмалку еден странски јазик.

### Член 15

При еднаква исполнетост на условите од овој Правилник меѓу повеќе пријавени кандидати на конкурсот, рецензионата комисија предност при изборот ќе му даде на лице кое добило пофалница или награда за најдобар дипломиран студент од Универзитетот или е добитник на соодветна награда востановена на други универзитети.

### Член 16

Заради вршење високообразовна дејност под условите утврдени со Законот за високото образование, научните и соработничките звања стекнати според одредбите од Законот за научно - истражувачка дејност одговараат на следниве наставнички и соработнички звања утврдени со Законот за високото образование: **научен советник** на

редовен професор, **виш научен соработник** на вонреден професор, **научен соработник** на доцент и **соработник во научно-истражувачката дејност** на соработник во високообразовна установа.

Еквивалентните звања од ставот 1 на овој член можат да се користат како наставно-научни и соработнички звања ако научната установа добила акредитација за вршење на последипломски и докторски студии односно за стекнување докторат на науки во обем и под условите утврдени со Законот за високото образование и со решението за акредитација.

## III. НАУЧНИ ТРУДОВИ

**Член 17**

Релевантните научни трудови во постапката за избор мора да бидат објавени во:

а) научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование или

б) научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови или

в) научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД или

г) книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД или

д) зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји или

ѓ) преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност.

## IV. ПОСТАПКА И НАЧИН НА ИЗБОР

**Иницирање на постапката**

**Член 18**

Кога изборот се врши прв пат, по правило, иницијативата (која мора да биде образложена) за распишување на конкурс ја дава катедрата или друга организациона единица на соодветниот факултет во чија потесна научна област има потреба од прием на наставник односно соработник. Иницијативата се поднесува до деканот на факултетот, кој е должен да ја стави на дневен ред на првата наредна седница на Наставно-научниот совет по приемот на истата, а заради донесување на одлука за распишување на конкурс.

За лицата избрани во наставно-научни звања конкурсот го распишува деканот на факултетот најрано седум месеци, а најдоцна шест месеци пред истекот на времето за кое се избрани.

Времето за распишување на конкурсот од ставот (1) на овој член се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон. На барање на лицето, рокот не мора да се продолжи.

**Член 19**

Изборот во наставно-научни, наставно-стручни, научни, насловни и соработнички звања се врши по пат на јавен конкурс кој го распишува наставно-научниот совет на факултетот, а се објавува во дневниот печат.

Конкурсот за избор во наставно-научни, наставно-стручни, односно наставни звања и засновање на работен однос се распишува за избор во сите наставно-научни, наставно-стручни, односно наставнички звања.

Конкурсот за избор во соработнички звања и засновање на работен однос се распишува за избор во определено соработничко звање.

Конкурсот за избор во звање и засновање на работен однос треба да ја содржи соодветната наставно-научна област, за која се избира лицето, утврдена со Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области (Меѓународната фраскатиева класификација), видот на работниот однос, рокот на траењето и општите и посебните услови за избор, документацијата која е од важност за изборот и други услови утврдени со Законот за високо образование и овој Правилник.

Стекнувањето на наставно-научно, наставно-стручно, односно наставно звање на избраните наставници е постапно.

Постапката по конкурсот може да трае најмногу шест месеца сметано од денот на објавување на јавниот конкурс во дневниот печат. Доколку постапката не заврши во овој рок, постапката се запира и се распишува нов конкурс.

Рокот од ставот (6) на овој член не тече во периодот од петнаесетти јули до дваесет и петти август во календарската година.

Конкурсот трае најмалку 8 дена, а најмногу 15 дена.

## Рецензиона комисија

**Член 20**

Изборот на кандидатите во наставно-научни, наставно-стручни, наставни, научни и соработнички звања го врши наставно-научниот совет на факултетот, врз основа на оценката во реферaтот на рецензиона комисија.

Изборот на редовен професор го врши наставно-научниот совет на факултетот, а го потврдува Сенатот на Универзитетот.

Рецензионата комисија од ставот (1) на овој член, се состои од најмалку три члена и ја формира наставно-научниот совет на факултетот, најдоцна во рок од триесет дена по завршувањето на рокот за пријавување на кандидатите. Деканот на факултетот е должен најдоцна во рок од 8 дена од донесувањето на одлуката од страна на ННС за формирање на рецензионата комисија, да ги достави пријавите и приложената документација до членовите на рецензионата комисија.

Членовите на рецензионата комисија можат да бидат од високообразовната установа во која се врши изборот или од други високообразовни или научни установи, кои вршат високообразовна дејност Република Македонија во согласност со Законот за високо образование.
Членовите на рецензионата комисија можат да бидат и пензиониран редовен професор или професор емеритус од Република Македонија или странство.

Член на рецензиона комисија, под истите услови определени со Законот за високо образование и овој Правилник за членови на рецензиона комисија, може да биде и наставник од акредитирана високообразовна установа од странство со која универзитетот или неговата единица, има склучено спогодба за меѓусебна соработка.

Повеќе од половината членови на рецензионата комисија ја сочинуваат лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни или научни звања од истата наставно-научна, односно уметничка област во која се избира кандидатот, а другите членови може да бидат од сродна наставно-научна, односно уметничка област.

Членовите на рецензионата комисија не можат да бидат во пониско звање од звањето за кое се избира кандидатот.

За сите пријавени кандидати рецензионата комисија поднесува реферат во писмена форма најдоцна во рок од три месеци од денот на доставувањето на целокупната документација до сите членови на рецензионата комисија. Рефератот содржи оценка за остварувањата на кандидатите во согласност со општите и посебните услови за избор во соодветно звање, како и образложен предлог за избор на еден од кандидатите во соодветно звање.

Доколку рецензионата комисија не поднесе реферат во рокот утврден во претходниот став се формира нова рецензиона комисија. Предлог за формирање нова рецензиона комисија поднесува деканот. Наставно-научниот совет ја формира новата рецензиона комисија во рок од 15 дена сметано од денот на истекот на рокот од три месеци во кој претходната рецензиона комисија била должна да поднесе извештај. Новата рецензиона комисија е должна да поднесе реферат со образложен предлог за избор најдоцна во рок од еден месец од денот на формирањето од страна на Наставно-научниот совет.

Високообразовната установа го објавува рефератот на рецензионата комисија истовремено во соодветниот билтен на универзитетот и на веб страницата на универзитетот најмалку 15 дена пред денот на изборот.

Рецензионата комисија во рефератот ги вреднува вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатите од почетокот на кариерата до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот. Рефератот, односно извештајот, се објавува на македонски јазик. Ако на конкурсот се пријават кандидати кои не ги исполнуваат условите за избор во соодветното звање, рецензионата комисија го констатира тоа во својот извештај кој го доставува до Наставно - научниот совет

Ако член на Комисијата не се согласува со предлогот кој го даваат мнозинството членови на Комисијата, должен е да даде издвоено мислење кое мора да го образложи.

Ако наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет не избере предложен кандидат, конкурсот се повторува.

Изборот во звање е основа за засновање на работен однос на определено, односно неопределено време.

**Приговори во постапката**

**Член 21**

Во рок од 15 дена од денот на објавувањето на референтот на рецензионата комисија во Билтенот и на веб-страната на Универзитетот, заинтересираните лица (учесници во постапката, наставно - научни работници, наставници и соработници од факултетот и од соодветна наставно - научна област на други високообразовни установи) можат да поднесат приговор на објавените реферати за избор во наставно - научни, наставно-стручни, насловни и соработнички звања.

**Член 22**

Приговорот се доставува до рецензентската комисија преку деканот на факултетот.

Рецензионата комисија дава одговор на приговорот во рок од 7 дена.

Приговорот и одговорот на приговорот се објавуваат во Билтенот на Универзитетот и се доставуваат до Наставно - научниот совет најдоцна 7 дена пред одлучувањето по рефератот за избор во соодветно звање.

**Член 23**

Доколку рецензионата комисија утврди дека приговорот е тенденциозен или со него се повредува достоинството на учесниците во постапката или на рецензентите, за објавувањето на приговорот одлучува деканот.

**Одлука за избор**

**Член 24**

Наставно-научниот совет може полноважно да одлучува за избор во наставно-научно звање ако се присутни мнозинството од вкупниот број на членови избрани во наставно-научно звање и се во редовен работен однос на факултетот. При изборот на кандидати во наставно – научни звања не учествуваат соработниците односно нивните претставници, ниту претставниците на студентите.

ННС одлучува по предлогот на рецензионата комисија. Предложениот кандидат е избран ако за него гласаат мнозинство од присутните членови на седницата.

Изборот на редовен професор го врши Наставно научниот – совет на факултетот, а го потврдува Универзитетскиот сенат.

За потврдувањето на изборот на редовен професор Универзитетскиот сенат може да одлучува доколку на седницата се присутни најмалку две третини од вкупниот број на членови избрани во наставно – научни звања, а за потврдување треба да гласаат мнозинството од присутните членови на седницата на Сенатот.

**Член 25**

Изборот во соработничко звање го врши Наставно - научниот совет на факултетот.

Соработникот е избран ако добие мнозинство гласови од присутните членови на седницата.

При изборот во соработнички звања не учествуваат студентите кои се членови на Наставно-научниот совет.

**Член 26**

Ако при изборот во повисоко звање наставно-научно звање кандидатот не го добие потребното мнозинство, повторно се гласа за избор во постојното наставно-научно звање во кое било претходно избрано.

На кандидатите кои не се избрани во повисоко звање, односно реизбрани во истото звање, им престанува работниот однос, по правосилноста на одлуката на Наставно-научниот совет.

Ако рецензентската комисија има негативна рецензија или ако Наставно -научниот совет не изврши избор, тогаш по правосилноста на одлуката, се распишува нов конкурс.

## V. ПРАВНА ЗАШТИТА

**Член 27**

Предложениот кандидат од страна на рецензионата комисија кој не е задоволен од одлуката на ННС   има право на приговор до Наставно - научниот совет на факултетот во рок од 8 дена од денот на доставувањето на одлуката.

Најдоцна во рок од 30 дена од поднесувањето на приговорот, Наставно - научниот совет мора да донесе мериторна одлука по истиот.

Наставно - научниот совет приговорот го разгледува заедно со рефератот на рецензионата комисија.

Доколку Наставно - научниот совет го одбие приговорот, лицето има право на жалба до Сенатот на Универзитетот, во рок од 8 дена од доставувањето на одлуката на Наставно - научниот совет.

**Член 28**

Сенатот на Универзитетот во рок од 30 дена од поднесувањето на жалбата на лицето од претходниот член, формира комисија од тројца редовни професори од иста или сродна наставно - научна односно уметничка област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друга високообразовна установа/од друг универзитет.

Најдоцна во рок од 30 дена, Комисијата поднесува извештај до Универзитетскиот сенат со оцена за изборот и со образложен предлог.

Комисијата може да предложи лицето да биде избрано во повисоко наставно-научно звање, или да биде реизбрано  во наставно-научното звање во кое претходно било бирано, или да се потврди одлуката на Наставно - научниот совет на факултетот.

Одлуката на Универзитетскиот сенат се донесува со мнозинство гласови од бројот на присутните членови на Сенатот, под услов да се присутни повеќе од половина од вкупниот број членови на Сенатот.  Одлуката на Сенатот на Универзитетот е конечна. Судска заштита може да се остварува во работен спор пред надлежниот суд во Скопје во рок од 15 дена од доставувањето на одлуката на Сенатот.

**Член 29**

Одредбите од чл.27 и 28 соодветно се применуваат и при изборот во наставно-стручни, насловни и соработнички звања на предложените кандидати од рецензионата комисија.

## VI. РОКОВИ ЗА КОИ СЕ ВРШАТ ИЗБОРИТЕ

**Член 30**

Доцент и вонреден професор на факултет се избираат за време од пет години.

Насловниот доцент и насловниот вонреден професор се избираат за време од пет години.

Редовниот професор со изборот заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.

Лектор и виш лектор се избираат за време од четири години.

Асистент и се избира за време од три години, со право на уште еден избор во истото звање на иста високообразовна установа.

Уметнички и стручен соработник се избираат за време од три години, со право на реизбор неограничен број пати.

**Засновање работен однос**

**Член 31**

Постапката за избор во наставно-научно, наставно-стручно и соработничко звање завршува со засновање на работен однос со полно работно време меѓу избраното лице и високообразовната установа. Работниот однос се заснова за времето на кое е избрано лицето за што се склучува договор за вработување меѓу избраното лице и Универзитетот во рок од 5 работни дена од правосилноста на одлуката за избор.

Лицата избрани во наставно-научно, наставно-стручно и соработничко звање со засснованиот работен однос остваруваат права и обврски од работен однос во согласност со овој и друг закон и колективен договор.

Едно лице не може да биде избрано истовремено во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање на повеќе од една високобразовна установа.

При мирување на работниот однос, лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно или соработничко звање, има право да врши високообразовна дејност на прв циклус на студии без финансиски надомест.

Лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно или наставно звање, на кое му мирува работниот однос на Универзитетот, има право да држи предавања и да биде ментор на втор и трет циклус на студии, како и да врши други активности од високообразовната дејност.

## VII. ПРЕДВРЕМЕНО ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ИЗБОРОТ

**Член 32**

Лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно и соработничко звање е должно постојано научно, стручно, односно уметнички да се усовршува и докажува, успешно да ја остварува високообразовната дејност, да придонесува за создавање наставно-научен, односно уметнички подмладок, да се грижи за успешно остварување на студиските програми и да придонесува за развојот, односно примената на научната, односно уметничката дејност за која е избран.

На лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање може да му престане работниот однос и пред истекот на времето за кое е избрано, под условите и постапката уредени со закон и статутот на високобразовната установа, ако се утврди дека подолго време не ги исполнува обврските од ставот (1) на овој член, ако ги попречува законските и статутарните активности на високообразовната установа или ги попречува другите членови во остварувањето на нивните права и извршувањето на должностите во високообразовната установа, ако престанале да постојат основните услови врз основа на кои е извршен изборот и други дисциплински престапи.

Одлука за престанок на изборот и работниот однос пред истекот на времето за кое е избрано лицето во наставно-научно, наставно-стручно и соработничко звање донесува наставно-научниот совет со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови, врз основа на реферат на комисија составен од три редовни професори.

Лицето од ставот (3) на овој член има право на приговор до органот кој одлучувал за престанокот на изборот.

Ако приговорот биде одбиен, лицето има право на жалба до универзитетскиот сенат, кој формира комисија од три члена, составена од редовни професори од иста или сродна научна област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друга високообразовна установа. Комисијата поднесува реферат во кој дава оцена за постоењето основи за престанок на изборот и работниот однос.

Сенатот одлуката по жалбата ја донесува со мнозинство од вкупниот број членови.

Одлуката на универзитетскиот сенат е конечна.

Против одлуката на Сенатот, лицето може да заведе работен спор надлежниот суд во Скопје во рок од 15 дена од приемот на одлуката.

## VIII. УЧЕСТВО НА АФИРМИРАНИ НАУЧНИЦИ, УМЕТНИЦИ И СТРУЧЊАЦИ ОД ПРАКТИКАТА

### Член 33

Афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката, без оглед на исполнетоста на условите утврдени со овој закон за избор во звање како специјалисти и експерти, по покана, можат да изведуваат настава за одделни делови од наставен предмет, во обем и според условите определени со статутот на високообразовната установа.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 34

Постапките започнати за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања пред влегувањето во сила на овој Правилник, ќе завршат според

одредбите од Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на ФОН Универзитетот усвоен од Сенатот на 23.12.2013 година.

**Член 35**

Овој Правилник стапува на сила осмиот ден од денот на објавување во Билтенот и на веб страната на Универзитетот, а ќе се применува на сите конкурси за избор и засноваање на работен однос распишани по 16.08.2018 година.

Со денот на влегувањето во ила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на ФОН Универзитетот усвоен од Сенатот на 23.12.2013 година.

**Претседател на Сенатот**

**проф. д-р Оливер Илиев, с.р.**

**РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК, ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ НА ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ И ПОЛИТИЧКИ НАУКИ ПРИ ПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ ФОН, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки и дипломатија при Првиот приватен универзитет ФОН, Република Северна Македонија, на својата осма седница одржана на 18.04.2019 ѝе избра за членови на рецензентската комисија за избор на еден соработник со соработничко звање асистент од научната област политички систем (50701). На конкурсот објавен во весникот „Слободен печат" на 19.03.2019 се пријавија следните кандидати:

1. м-р Стефани Арсовска
2. докторанд Имране Морина

Откако ги разгледавме пријавите и доставената документација го подготвивме следниот:

# И З В Е Ш Т А Ј

М-р Стефани Арсовска е родена 01.09.1993 година во Велес. Податоци за средно образование нема доставено. Високо образование завршува на Факултетот за политички науки и диполиматија, при ФОН-Универзитет во период од 2012-2015. Со дипломирањето се стекнува со звање дипломиран политиколог со просечна оценка 9.80. Втор циклус на студии завршува на Факултетот за политички науки и диполиматија, при ФОН-Универзитет. Се стекнува со стручен назив магистер по политички науки од областа на надворешната политика и дипломатија во 2018 година со просечна оценка 9.89. На 17.05. 2018 со успех го брани магистерскиот труд на тема: вХибернација во делот на политичката реторика на македонската политичка сценаг. Работното искуство на кандидатката бележи различни активности спроведени од 2012 до денес преку учество во разни проекти. Од 2015 година е демонстратор на Факултетот за политички науки и дипломатија при ФОН-Универзитет на предметот Историја на цивилизации. Од 2017-2018 надворешен соработник во кабинетот на

министерот за култура. Во моментот е ангажирана во канцеларијата на Претседателот на Влада на Р.Северна Македонија. Во пријавата и доставената документација недостасуваат научни трудови или учества на научни конференции.

М-р Имране Морина е родена 31.01.1986 година во Скопје. Средно образование завршува во средно медицинско училиште во вПанче Караѓозовг во 2005. Високо образование завршува на Факултетот за политички и дипломатија при ФОН-Универзитет, 2010-2014 година, со просечна оцена 9.92. Магистерски студии завршува во 2017 година на Факултетот за политички науки и дипломатија при ФОН-Универзитет со просечна оценка 9.74. Од 2018 година е запишана на трет циклус студии на Правниот факултет вЈустинијан Иг, при Универзитетот Св Кирил и Методиј- Скопје. Во прилог на документацијата има доставено три научни трудови на тема: „Relationships between peoples and the Charter of Medina" објавено во Висионс магазине број 29, „Islam and the west over the centuries" објавено во Висионс магазине број 30, „The opening of chapter 24 in the negotiation process with the European Union: Corruption in the Republic of Macedonia,,

5th International Scientific Conference "The rule of law and civil society". Organized by: Faculty of Law: University of Tetova, Faculty of Law Yustinianus Primus: ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Macedonia. 19-20 October 2018

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги предвид квалификациите на пријавените кандидати и со оглед на повеќегодишното наставно искуство на универзитетско ниво, комисијата дојде до заклучок дека **м-р Имране Морина** е најсоодветна кандидатка за распишно работно место.

Од изнесените податоци за кандидатките и нивната досегашна ангажираност во пошироката научна и стручна јавност, како и на Факултетот за политички науки и дипломатија на ФОН -Универзитетот, може да се заклучи дека кандидатката Имране Морина , покрај тоа што ги исполнува законските услови за изборот, од нејзиниот досегашен ангажман на Факултетот за политички науки и дипломатија, може да се заклучи дека станува збор за квалитетна, трудољубива и одговорна личност, со високи научни, стручни и морални карактеристики. Заради тоа, членовите на Рецензентската Комисија

констатира дека кандидатката м-р Имране Морина ги исполнува условите за избор на соратник со знаење асистентка.

Врз основа на претходно изнесеното, Законот за високо образование и Статутот на Факултетот, Рецензентската Комисија, има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при Првиот приватен Универзитет ФОН - Република Македонија, да ја избере кандидатката м-р Имране Морина за асистентка во областа на политички систем.

Скопје, Јуни 2019

Рецензентска комисија:

1. проф. д-р Нано Ружин, с.р.

2. доц. д-р Јасмина Трајкоска, с.р.

3. доц. д-р Ќазиме Шерифи, с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА

На ракописот **„Основи на спортски туризам – практикум"** од авторот **проф. д-р Лиза Пантековска**

Со одлука на Наставно – научниот совет на Факултетот за спортски менаџмент во состав на Првиот приватен универзитет – ФОН (бр. 22-469/3 од 22. 04. 2019 година), определени сме како членови на комисија за рецензирање на ракописот „Основи на спортски туризам – практикум" од авторот проф. д-р Лиза Пантековска. Врз основа на приложениот ракопис во печатена форма и негово детално проучување го доставуваме следниот

## ИЗВЕШТАЈ

1. ПРИКАЗ

Ракописот на авторот, проф. д-р Лиза Пантековска, е напишан на 142 страници, во компјутерска техника. Текстот е меѓудругото, визулено презентиран и систематизиран, ѝ низ графички и табеларни прикази, со практично ориентиран пристап, како одраз на природата и целта на самиот ракопис. Тој е поддржан и со студии на случај, проткаени низ секоја глава како прилози на основниот теоретски дел од текстот. Работните вежби (теренски задачи, дискусии, тестови), поттикнуваат апликативно размислување, што како излезна компетенција се добива при комплетирањето на овој ракопис. Воедно, со динамиката на текстот, авторот одржува континуирана комуникација со читателот. Класификацијата на материјалот е дидактички функционална и организирана во шест глави.

Во **првата глава** „Општи поимни карактеристики на туризмот" авторот дава приказ на поимот за туризам и турист, апликативни дистинкции помеѓу некои туристички терминолошки одредници, динамиката на развој на оваа дејност, видовите кои се јавуваат како резултат на таквата динамика и критериумите за нивна класификација, како и потребите и мотивите за туристички патувања.

**Втората глава** „ Поим и карактеристики на туристичкиот пазар", не запознава со поимот за туристички пазар и неговите конститутивни елементи. Сегментот на туристичката побарувачка и понуда е пластично објаснет низ примери кои го поддржуваат спортот во туризмот. Во овој контекст, авторот го презентира и меѓународниот туристички промет по последно достапните официјални статистички показатели. Главата завршува со анализа на правната регулатива во туризмот (Законот за турстичка дејност и Правлиникот за категоризација на хотели, мотели и пансиони), екстрахирајќи ги сите негови функционални карактеристики за потребите на спортскиот туризам.

**Третата глава** именувана како „Општи поимни карактеристики на спортскиот туризам", дава приказ на карактеристиките на спортот и спортскиот пазар, го дефинира спортскиот туризам и спортскиот турист, ни ги претставува видовите и формите на

спортскиот туризам преку веќе егзистирачки примери во туризмот, низ светот и кај нас, не запознава со спортските туристи и нивните специфики како гости, со потребните побарувани стандарди од нивна страна. Правната регулатива за спортот е предмет на анализа за крај на главата, преку Законот за спорт, кој во своите одредби дава простор за дејствување и на туристичката индустрија, од аспект на стандардизација на производот и заштита на неговиот квалитет преку стручна, безбедна и материјално – технички регулирана спортска услуга.

Преку **четвртата глава** „ Некои ресурсни потенцијали за спортскиот туризам", проф. д-р Пантековска не запознава со клучните ресурсни потенцијали за развој на спортскиот туризам. Покрај презентацијата на сите неопходни ресурси и начинот на нивна оценка преку пример на спроведено истражување, посебен акцент е ставен на спортските објекти и спортските случувања како дел од ресурсите, најпрепознатливи за спортскиот производ во туризмот. Оттаму, покрај класификацијата и значењето за туризмот на истите, авторот го поставува прашањето за спонзорските активности и врши обука за дејствување по оваа насока.

Во **петтата глава** „ Видови ефекти на спортскиот туризам", авторот презентира сознанија за економските ефекти на спортскиот туризам, социокултурните ефекти, како и ефектите врз животната средина. Низ примери, ги презентира позитивните и негативните ефекти од сите влијанија поединечно, озвозможувајќи им на читателите (студенти или останати), подоцна да презентираат свои сознанија и анализи по наведените области на влијание за било која форма на спортски туризам.

Последната, **шеста глава**, „Спортски туризам – идни развојни трендови", е посветена на очекуваната динамика на развој во обем и динамика на туристички промет, од една страна, и стереотипи на однесување на туристите од друга страна, со посебен осврт на спортските туристи. Акцентиран е процесот на постојано приспособување на туризмот кон општетсвените промени и дефиниран правецот на движење на спортскиот туризам. Како дилема за размислување се поставува прашањето за конфликтот на скриен потенцијал или непотребен луксуз на спортскиот туризам во државата.
Работните вежби споменати во воведот на извештајот се поместени после секоја глава.

За создавање на овој ракопис, проф. д-р Лиза Пантековска користела бројни библиографски единици пред сè меѓународни, од областа на туризмот, спортот и спортскиот менаџмент, пратејќи го современиот стручно – научен тренд. Секако не изостанува, ни литературата од признати домашни автори. Анализирани се и релевантни интернет извори од клучните области, првенствено, во името на органите на управа на државно и меѓународно ниво.

## 2. МИСЛЕЊЕ

Ракописот **"Основи на спортски туризам – практикум"**, од авторот проф. д-р Лиза Пантековска, претставува вистинско освежување во македонската туристичка, но и спортска литература. Презентираниот концепт во вид на практикум, дава можност за

систематско, студиозно и апликативно сознавање на материјата од областа на спортскиот туризам. Од тие причини, како и поради сѐ погоре наведено, како рецензенти сметаме дека овој ракопис, значително ќе помогне во совладување на задачите поставени за студентите по предметот Основи на спортски туризам, но и за студентите кои се директно или индиректно поврзани со останатите предмети од соодветната област. За таа цел, со особена чест и задоволство предложуваме објавување на ракописот "Основи на спортски туризам – практикум" и препорачуваме истиот да се користи како универзитетска наставна литература.

Рецензенти:

Проф. д-р Науме Мариноски, с.р.

-------------------------------------------

Проф. д-р Александар Поповски, с.р.

-------------------------------------------

Скопје, јуни, 2019 година